Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Филозофски факултет

Институт за педагогија

# Промени и тенденции во современото училиште од аспект на реализација на воспитната функција

магистерски труд

Ментор

Проф. Д-р Анета Баракоска

Кандидат

Радмила Серафимоска

Скопје, 2015

СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 1

I. Теоретски пристап кон проблемот на истражување..... 4

1. Промените и тенденциите во современото училиште..... 5
2. Современо училиште..... 8
   2.1.Зошто современо училиште?..... 8
   2.2.Што е современо училиште?..... 8
   2.3.Улогата на училиштето во животот на ученикот..... 12
3. Наставникот во современото училиште..... 14
   3.1.Улогата на одделенскиот раководител во современото училиште..... 18
   3.2.Одделенскиот час во современото училиште..... 21
   3.3.„Животни вештини“..... 23
4. Родителите во воспитно-образовниот процес..... 26
   4.1.Воспитното влијание на родителите врз животот на учениците..... 26
   4.2.Родителите, училиштето и нивната соработка..... 27
5. Етиката како наставен предмет..... 33
6. Дефинирање на проблемот и основните поими..... 36
   6.1.Дефинирање на поими..... 38
7. Релевантни истражувања..... 40

II. Методологија на истражување..... 47

1. Предмет на истражувањето ........ 48

2. Цел на истражувањето ........ 48

3. Задачи на истражувањето ........ 48

4. Хипотези ........ 49

5. Варијабли на истражувањето ........ 50

6. Методи, техники и инструменти на истражувањето ........ 50

7. Примерок на испитаниците ........ 52

8. Организација и тек на истражувањето ........ 52

9. Обработка на податоци ........ 52

III. Обработка и интерпретација на резултатите од истражувањето ........ 53

1. Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведениот прашалник наменет за наставници ........ 54

2. Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведениот прашалник наменет за родители ........ 79

3. Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведениот прашалник наменет за стручни соработници ........ 100

ЗАКЛУЧОК ........ 106

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 108

ПРИЛОЗИ ........ 111

# ВОВЕД

Воспитанието е мошне сложен процес за развојот на една личност. Целта на воспитанието е да го обликува човекот во целосно развиена личност, и токму поради тоа, опфаќа многу аспекти од човековиот живот.

За да се воспита една целосна и независна личност, потребен е воспитувач, односно потребна е личност којашто воспитува. Оттука, излегува дека врз воспитанието влијаат многу фактори со коишто човекот односно детето уште од најрана возраст доаѓа во контакт. Семејството, училиштето, општеството, природата, с□ она што го опкружува детето, влијае врз процесот на неговот воспитание.

Секој фактор има огромна засебна и заедничка улога во воспитанието на детето. Во ова истражување ќе се задржиме на училиштето.

Училиштето е воспитно-образовна установа. Неговата задача е да ги образува и воспитува учениците во независни личности, односно задачата на училиштето е да обликува човек.[1] Според ова, задачата на училиштето е мошне сложена и одговорна, бидејќи треба да го оспособи ученикот да гради систем на вредности, да гради здрави односи со луѓето, успешно да се движи во општеството. Со други зборови, училиштето има задача да го воспита детето за да биде целосно развиена личност во неговиот живот.

Како што напоменавме погоре, училиштето е воспитно-образовна установа. Во последниве години во Р. Македонија, се забележани многу критики за тоа дека училиштето само образува, но не и воспитува. Односно прашањата за тоа дека училиштето с□ повеќе обрнува внимание на образовната компонента, притоа занемарувајќи ја воспитната, се мошне актуелни во последниве години. Современото училиште во Р. Македонија се обидува да ги задоволи потребите, интересите и капацитетите на секој ученик, како тој би можел што полесно и поефективно да дојде до нови сознанија. Со таа цел – да се олесни изнаоѓањето и изучувањето на нови информации – наставата се извршува со помош на разновидна технологија, како компјутери, проектори, интернет итн. Оттука доаѓаат и забелешките дека во современото училиште с□ повеќе се обрнува внимание на образованието на ученикот,

---

[1] Вукасовиќ, А. (1979), *Приноси и унапреѓивања одгојног рада,* Загреб: ПКЗ.

односно на подобрување на квалитетот и на начинот на којшто ученикот доаѓа до сознанија. Меѓутоа, во име на ваквите залагања, с□ повеќе и повеќе се стишува свеста за воспитанието на ученикот. Поради подобрување на начинот на којшто ученикот учи, неговото воспитание како да останува некаде на втор план. С□ повеќе се обрнува внимание на образованието. Меѓутоа, по зборовите на Аристотел „воспитанието на умот, без воспитанието на срцето, воопшто не е воспитание“[2], односно доколку училиштето само го образува ученикот, без да го воспитува, тогаш не станува збор за воспитно-образовен процес. Училиштето образува и воспитува, и поради тоа ние не можеме да го занемариме воспитанието, во име на образованието.

Поради свеста за ваквата состојба во современото училиште, во Р. Македонија се направени некои промени, чијашто цел е да се воспостави, односно да се обнови, рамномерноста помеѓу воспитанието и образованието. Во овој труд ќе се задржиме токму на тие промени и на нивниот ефект врз воспитната функција на училиштето.

Во првиот дел, ќе се задржиме на теоретскиот пристап кон проблемот, ќе ги дефинираме основните поими и ќе наведеме релевантни истражувања за предметот на истражување. Исто така, ќе се обидеме подетално да ја претставиме состојбата на современото училиште во Р. Македонија по прашање на настанатите промени и воспитната функција на училиштата.

Во вториот дел, ќе следи методолошката рамка според која ќе биде спроведено истражувањето. Во овој дел ќе бидат прикажани хипотезите и методите, техниките и инструментите на истражувањето, како и примерокот на испитаници.

Во третиот дел, ќе следат податоците од обработката на податоците на прилозите, односно ќе бидат интерпретирани податоците од анкетата и ликертовата скала наменети за наставници, анкетата и ликертовата скала наменета за родители, а ќе биде прикажана и анализа на неструктурираното интервју наменето за директори и стручни соработници.

Четвртиот и последен дел, ќе вклучи заклучни сознанија, препораки за во иднина, список на користена литература и прилози.

[2] Преземено на 14.11.2014, http://www.spaceandmotion.com/Philosophy-Aristotle-Philosopher.htm

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

# 1. ПРОМЕНИТЕ И ТЕНДЕНЦИИТЕ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ

Една карактеристика којашто го опишува овој свет во којшто ние живееме, може да кажеме дека е промената. Секој човек, секоја заедница, секоја организација, секоја идеја е подложна на промена. Како што рекол Вистон Черчил: „За да се подобриш, треба да се промениш; за да бидеш совршен, треба да се menuваш често“[3], или пак по зборовите на Џон Кенеди: „Промената е законот на животот, и оние кои гледаат само во минатото или сегашноста, сигурно ќе ја испуштат иднината“[4]. Како што велат, промената е секогаш добредојдена. Тоа е и затоа што ние луѓето, сме подложни на промена, односно да се менуваме е во нашата природа. Факт е тоа дека доколку погледнеме station наназад низ историјата, ќе забележиме небројни промени во сите аспекти на животот на земјата. Промената е суштинска потреба за напредок. Промената значи се случува без наша волја. Но, ние имаме и дадена слобода свесно и волно да направиме промени. Тука лежи и нашата огромна одговорност. За да можеме нешто да подобриме, тогаш неминовно ние мора да направиме одредени промени. За да постигнеме одредена цел, мора често да правиме промени. Меѓутоа, ние не можеме да правиме промени во име на промените, односно да менуваме нешто колку само да направиме промени. Промените треба секогаш да се однапред испланирани за да се постигнат претходно утврдени цели. Доколку ние само непромислено правиме промени, тогаш шансите резултатот да не ни се допадне, се навистина големи.

Истото се однесува и на образованието. Ние знаеме дека низ времето и годините, образовната поставеност значително се променила во име на промените кои се случувале во општеството. Според тоа, за училиштето да може да одговори на повикот да биде суштинската образовна установа во општеството, постојано се менувало низ годините наназад. Доколку се погледне во историјата, ќе се увиди дека како што се менувало општеството и неговите потреби, така се менувало и училиштето. Училиштето кое не се менува, не може да ги задоволи потребите на општеството кое се менува. Ние сме сведоци за ваквата состојба и ден денес. И самите гледаме дека училиштето се менува симултано со промените и потребите на општеството.

---

[3] Преземено на 20.07.2014, https://www.winstonchurchill.org/images/pdfs/for_educators/Argumentation_Prompts_4.pdf, Churchill, S. C. 23 June 1925, House of Commons

[4] Преземено на 20.07.2014, Kennedy, F. J.: "Address in the Assembly Hall at the Paulskirche in Frankfurt", June 25, 1963. http://www.presidency.ucsb.edu/ws/?pid=9303.

Училиштето мора да се менува, за да може да ги задоволи потребите на учениците кои живеат во тоа општество. Тоа мора да се менува, за на крајот од него да излезат ученици кои ќе бидат способни да живеат и дејствуваат во тоа општество. Со тоа, училиштето ја исполнува својата задача, со што постојано го подобрува општеството во коешто живееме, затоа што „преку воспитно-образовниот процес ние треба да ги подобриме животите на другите луѓе и позади нас да оставиме една подобра заедница и подобар свет од оној којшто сме го затекнале“[5].

Како што претходно кажавме, слободата да менуваме нешто и самите себеси е наша голема одговорност. Имајќи го тоа предвид и бивајќи свесни за последиците, промените во училиштето мора да се прават осмислено. Во педагошката теорија и практика на воспитанието постојат две гледишта за целите и задачите на воспитанието: „теоријата позната како ’формирање на личноста’ и теоријата на ’оспособување за работа’“[6]. Училиштето е она кое треба напоредно да ги остварува целите и задачите на двете теории, со постојана тенденција да не се занемарат едните, а пренагласат другите. Шансите тоа да се случи, се постојано присутни, и резултатите од тоа се навистина непосакувани. Поради тоа, секоја промена во современото училиште треба да биде осмислено направена, со претходно утврдена цел.

Следствено на тоа, промената во училиштето е мошне комплексна. Од друга страна, тоа е затоа што промените се поврзани со очекувањата. Со други зборови, очекувањата од промената се тие кои придонесуваат за тагата по старото и возбудата, и пред с□, несигурноста за новото. Меѓутоа училиштето мора да се менува, затоа што со тоа се овозможува учењето.

*Постои изјава дека училиштата се организации направени за остварување на промени. Објаснувањето за ваквата изјава е следната: централната намена на образовните институции е да го реализира учењето. Да се учи, значи да се менува, па според тоа, улогата на училиштата е да оствари промена.*[7]

Училиштето има задача да образува и воспитува, а промените кои се прават во училиштето треба да бидат направени во согласност со тоа. Не може да правиме промени за да ја подобриме образовната функција на училиштето, ако тоа значи

---

[5] Преземено 14.09.2014, http://www.newfoundations.com/GALLERY/Edelman.html
[6]Костова, М. (2004), Методика на воспитна работа, интерен материјал, Скопје.
[7] James, C., Connolly, U. (2000), Effective Change in Schools, London: RoutledgeFalmer.

истовремено да ја занемариме воспитната компонента. И обратно, доколку училиштето воспитува, а не образува, тогаш тоа не ја врши потполно својата функција.

Разговорите за „ерозијата на моралот" се доста актуелни во последно време. Системот на вредности кој се градел и важел во минатото општество, во променетото општество повеќе не важи. Нов систем на вредности не е изграден, а вината за разнишаниот морал се префрлува од еден на друг. Училиштето не е единствениот фактор кој влијае во општеството, но тоа секако може да влијае и да придонесе за општеството во целина од аспект на воспитанието.

Поради ваквата состојба во општеството како и поради свеста за занемарување на воспитната функција на училиштето, во образовниот систем на Република Македонија настанаа многубројни промени, во основното, средното и високото образование. Угледувајќи се на веќе проверените и утврдени образовни системи од европските земји, Р. Македонија се обиде да се приближи кон нивната успешност. Имплементирајќи одредени трендови од овие системи, Македонија се обиде да го подобри сопствениот образовен систем. Прилагодувањето на промените кои настанаа, с□ уште трае. Поради овој факт, овој труд ќе биде посветен на промените во основното образование во Р. Македонија, и ефектот кој тие го имаат врзвоспитната функција на училиштето.

Конкретните промени кои се направија за подобрување на воспитната функција на училиштето, а ќе бидат разгледани во овој труд, се насочени кон подобрување на воспитниот елемент во целокупниот воспитно-образовен процес кај учениците. Свеста за тоа дека училиштето обрнува многу повеќе внимание на интелектуалниот развој, одошто на воспитанието, како и свеста за „моралната ерозија" во општеството беа причините за ваквите промени. Со таа цел, односно со цел да се зајакне и подобри воспитната функција на училиштето, во образовниот систем на Р. Македонија се направија следните промени, кои ќе бидат разгледани во овој труд: промените кои настанаа по прашање на одделенскиот раководител, етиката како наставен предмет, програмата „Животни вештини" и школата за родители. Прашањето кое произлегува оттука, е колку и дали тие промени навистина ја потпомагаат воспитната компонента? Дали со внесувањето на тие промени, воспитната функција на училиштето е подобрена? Односно, во овој труд, ќе се потрудиме да дојдеме до сознанија за тоа дали промените во современото училиште имаат позитивен или негативен ефект, односно

дали тие ја подобруваат, влошуваат или пак никако не влијаат на остварувањето на воспитната фунцкија на училиштето.

## 2. СОВРЕМЕНО УЧИЛИШТЕ

### 2.1. ЗОШТО СОВРЕМЕНО УЧИЛИШТЕ?

Во општеството настанаа многубројни драстични промени. Една позабележителна промена е с□ поголемата застапеност на IT технологијата во многу аспекти на општествениот живот: во начинот на комуникација, во начинот на плаќање, во начинот на учење итн. Друга забележителна промена е глобализацијата, која зазема с□ поглем замав. Денес многу полесно луѓето од различни земји ќе најдат „заеднички јазик", токму поради удобната подлога која се создаде со глобализацијата. Значи, општеството се осовременува,  па затоа и зборуваме за него како современо. Училиштето како средство на општеството за обучување на новите генерации мора да ги следи промените кои настануваат во него за да може соодветно да одговори на нив. Училиштето мора да ги оспособи новите генерации кои доаѓаат на свет да се справат со промените во општеството. Најпрвин треба да ги запознае со нив, и потоа да ги обучи за тие соодветно да можат да управуваат со промените. Традиционалниот пат односно традиционалното училиште, не успева да одговори на овој предизвик, па затоа и училиштето се осовременува, односно затоа и зборуваме за современо училиште.

### 2.2. ШТО Е СОВРЕМЕНО УЧИЛИШТЕ?

Една дефиниција вака го дефинира современото училиште:

*Современо училиште е она кое се однесува или врз кое влијае воспитно-образовна теорија која се карактеризира со нагласок на индивидуалните потреби и капацитети на секој ученик како и со неформалност на курикулум.*[8]

[8] Преземено на 15.09.2014, http://classicalhomeschooling.com/classical-homeschooling-second-issue/classical-vs-modern-educationthe-principal-difference/

Од тука гледаме, дека современото училиште има тенденции да се раководи според засебните капацитети и потреби на ученикот. Тоа би значело, дека задачата на современото училиште не е само да произведе добри и квалитетни работници. Неговата задача е да му овозможи на секој ученик да ги открие своите интереси, капацитети и потреби, да работи на нив и се разбира да ги исполнува. Современото училиште се насочува кон индивидуалноста на ученикот.

Друга дефиниција гласи вака:

*Современото училиште, во чијшто центар се наоѓа ученикот, учи дека учителот треба да е само насочувач, чијашто задача е да ги набљудува спонтаните активности на учениците и да ги проучува нивните ментални и емоционални реакции. Содржината и активностите се избираат за да се продолжи непосредната цел на учениците.*[9]

Оваа дефиниција, дава поконкретна слика за улогата на ученикот и наставникот во современото училиште, односно ја конкретизира горенаведената дефиниција. Тука уште еднаш ни се потврдува дека во центарот на организацијата на училиштето се наоѓа ученикот со неговите капацитети, интереси и можности, додека пак наставникот е само оној којшто треба да му помогне на ученикот и правилно да го насочи, за да може истите тие тој самиот да ги открие и оствари.

Но, кога зборуваме за современото училиште, прво нешто што ни доаѓа на ум, е традиционалното училиште. Тоа, се чини, е поради фактот дека нам традиционалното училиште ни е доста познато. Имајќи го тоа на ум, сметаме дека споредувањето на современото со традиционалното, ќе ни помогне полесно да го објасниме и разбереме и едното и другото, па и едното во однос на другото. За таа цел го имаме следниот инфографик:

[9] Shaw, B. F. (1937), *A Modern Concept of Education,* Public Health Nations Health.



[10]

Од споредбата на двата системи на образование, традиционален и современ, која е направена со овој инфографик, можат подобро да се објаснат и разберат системите.

Првиот којшто е претставен на инфографикот е курикулумот. Во традиционалното училиште курикулумот е централен, однапред утврден и тоа според наставникот, додека во современото училиште курикулумот е флексибилен, може да биде управуван од наставникот според потребите на неговите ученици, односно курикулумот е насочен кон детето. Ова значи дека, курикулумот во современото училиште му овозможува на наставникот полесно тестирање на знаењата на ученикот, додека во современото училиште курикулумот не го олеснува процесот на тестирање, туку процесот на учење. Од тука гледаме, дека современото училиште е ориентирано кон тестирање на знаењата на учениците, додека современото училиште е ориентирано на тоа ученикот да стекне квалитетни знаења кои истовремено може и да ги применува.

[10] Преземено на 09.07.2014, http://rossparker.org/teaching-learning-visualisations/

Улогата на ученикот во традиционалното училиште е пасивна, односно тој се наоѓа во состојба во којашто ги прима информациите, од страна на наставникот чија улога е да ги презентира истите. Според инфографикот, на ученикот во традиционалното училиште му станува досадно поради строгата дисциплина којашто се бара од него. Во современото училиште пак, ученикот има активна улога, односно тој самиот доаѓа до сознанија, со помош на наставникот, чија улога е да го насочи патот на ученикот за тој да дојде до истите. Ученикот во современото училиште е независен и подвижен, и неговата љупобитност се зголемува со изучување на нови содржини.

Механичкото учење во традиционалното училиште, овозможува ученикот да ја памети материјата кратко време, што овозможува неговото знаење да биде тестирано, кон што и се стреми традиционалниот систем. Следствено на тоа, ученикот памети помалку информации, односно има помалку знаење, помалку способности и е помалку вклучен во процесот на учење, додека сето тоа дава слика на ригорозност и квалитет во учењето. Во современото училиште, пак, ученикот изучува помалку материјал, со побавно темпо, што доведува до неможност или потешкотија неговите знаења да се измерат. Долгорочно, учениците изучуваат помалку материјал, но задржуваат повеќе знаење, имаат повеќе спосоности и повеќе се вклучени во процесот на учење. Во традиционалното училиште, учениците стекнуваат подлога за понатамошно описменување, додека во современото училиште, од учениците се бара самите да преземат контрола врз учењето додека наставниците го контролираат тој процес.

Од сите овие споредби, се гледа и улогата на наставникот. Односно, наставникот во современото училиште има активна улога, тој е оној кој ги презентира информацците, а курикулумот му овозможува да ги тестира знаењата на наставникот, односно го олеснува тој процес. Додека во современото училиште, наставникот мора да има знаење, постојано да учи, да се надградува, да е слободоумен, страствен и посветен. Што значи тоа? Сето тоа значи дека наставникот треба да е насочен и посветен на ученикот, да му помага ученикот да доаѓа сам до сознанија, што значи дека тој има пасивна улога, постојано да е во тек со трендовите во општеството за да може правилно да го насочува ученикот. Курикулумот му го отежнува процесот на тестирање на наставникот, затоа што ученикот е во центарот на курикулумот, но затоа му овозможува да им помогне на учениците да стекнат долготрајни знаења, за што и се залага современото училиште.

Ова се генералните и поопшти разлики на овие два системи, кои се доволни за добивање на појасна претстава за разликите помеѓу традиционалното и современото училиште, како и појасна слика за современото училиште воопшто. Доколку навлеземе подлабоко, ќе ги откриеме и карактеристиките со кои тие се разликуваат во однос на начинот на учење, начинот на подучување, односот наставник-ученик итн, кои за сега не се потребни.

## 2.3.УЛОГАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ЖИВОТОТ НА УЧЕНИКОТ

Ученикот реагира на с□ со што остварува посредна или непосредна комунакација во својот живот. Ако го кажеме тоа од обратна перспектива, ќе речеме дека с□ што комуницира со ученикот, влијае врз неговиот живот. Влијанието се состои во ефектите што разните објекти со кои ученикот доаѓа во непосреден или посреден допир ги имаат врз одредени аспекти од неговиот живот. Ако сакаме да сме малку поконкретни, ќе кажеме дека детето доаѓа во контакт најнапред со своите родители и членовите на семејството, потоа со училиштето и неговите членови, со другарчињата што ги стекнал, како и со сиот надворешен свет, односно останатите делови од општеството. Сето ова има одредено влијание и некаков ефект врз животот на ученикот и врз неговата личност. Сето ова дејствува со позитивни или негативни ефекти врз личноста и животот на детето. Детето во зависнот од неговите дадени предиспозиции, го користи контактот со надворешниот свет и информациите што ги добива од него, за на крајот да се изгради како личност.

Поради ваквите сознанија, нештата со коишто ученикот доаѓа во контакт мора да се, колку што е можно проверени. Односно, совесниот родител мора да има контрола, повторно колку што е тоа можно, врз средината со којашто е окружено детето. Семејството е првиот воспитен субјект којшто го воспитува детето. Во него детето го добива основното воспитание, врз чиишто темели ќе се надградува понатамошното воспитание на детето, односно на ученикот. Поради ваквиот факт, училиштето мора да се стреми да го вклучи семејството во воспитно-образовниот процес, да се труди да комуницира со него, да соработува, за училиштето успешно да може да ја врши својата воспитна функција. Ова би значело заемна соработка помеѓу училиштето и семејството

во воспитанието на детето, затоа што како што семејството му е потребно на училиштето, така и училиштето му е потребно на семејството.

Потребата за трансформирање на училиштето укажува и на воспитната функција на училиштето. [11] Училиштето е воспитно-образовна установа којашто негува систематско учење. Што значи ова? Училиштето постепено и систематски, влијае врз сите аспекти на животот на ученикот. За тој процес е потребен долг временски период со којшто училиштето располага. Тоа влијае врз свеста на ученикот, врз неговата дисциплина, врз начинот на реагирање, врз неговите ставови итн. Исто така влијае и врз неговите навики и дисциплина за учење, однесување и размислување. Со тоа, училиштето станува нераздвоен дел од животот на ученикот, поради што се оправдува и неговото огромно влијание врз ученикот.

Училиштето, како инситуција, во себе ги вклучува стручните соработници, просветните работници, соучениците како и сите останати вработени во него, како и предметите и материјата којашто се изучува преку нив. Поради тоа, ученикот е во секојдневен контакт и комуникација со нив, па на тој начин и тие претставуваат воспитни субјекти во воспитниот процес.

Наставата претставува посебно насочена активност на наставникот поради давање знаење, формирање на умеења и навики, и развивање на когнитивни и креативни способности на учениците.[12] Во процесот на настава, наставникот предава, а ученикот учи. Ова влијае врз неговото воспитание и образование, бидејќи тој комуницира со наставникот и соучениците, стекнува нови знаења и преку сето тоа ги развива своите когнитивни и креативни способности.

Покрај наставата, ученикот во неговиот живот на училиште учествува и во воннаставни активности. Тоа ги вклучува сите активности кои се случуваат надвор од часовите. Ученикот учествува во воннаставните активности, па затоа тие имаат позитивно влијание врз него. Тие му помагаат на ученикот да се развива, како на образовен, така и на воспитен план. Тие му помагаат на ученикот да размислува за нови нешта, отвораат нови можности за учење, и ја помагаат самодисциплината. Во секое училиште има различни воннаставни активности, во зависност од тамошните

[11] Петрова-Ѓорѓева, Е. (2005-2006), Современото училиште и неговата воспитна функција, Воспитание, Педагошки факултет, Штип.
[12] Пијановић, П. (уредник), (1996), Педагошки лексикон, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

услови. Но, дали ученикот ќе учествува во некој спорт или ќе оди на хор, или пак ќе оди на ликовна секција, зависи од него, што му помага на ученикот да почне да размислува за себе си и да ги открива своите интереси.

Слободното време или одморите во училиштето, исто така влијаат врз воспитанието и образованието на ученикот. Тоа е времето за слободни активности, кои можат да траат од 5 до 20 минути. Тогаш учениците самите бираат активности; тие можат да се вклучат во некои игри, да бидат активни, да го поминат времето во разговор со соучениците. Сето тоа влијае врз нивниот когнитивен, физички и социјален развој.

Сепак, најголемо влијание во училиштето врз воспитанието на ученикот го има наставникот. Поради тоа, понатаму, ќе се задржиме токму на него.

## 3. НАСТАВНИКОТ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ

*Многумина од нас на крајот остануваат запаметени од пет-шест луѓе.*
*Учителите остануваат запаметени од илјадници луѓе до крајот на животот.*
*-Енди Руни*

Родителите и наставниците се воспитниот авторитет на учениците. Тие го имаат најголемото влијание врз учениците, и токму поради тоа на нив треба да се обрне поголемо внимание. Наставникот е како втор родител за ученикот, па затоа и има голем ефект врз него. Учениците несвесно учат многу работи, меѓу кои спаѓаат и стекнување навики, формирање ставови, начини на однесување и слично. Како што децата се огледало на своите родители, така и учениците се огледало на своите наставници.

Наставникот е лице кое е квалификувано за држење на наставата, односно за воспитно-образовна работа со децата, младите и возрасните. Наставникот треба да има широко и темелно образование, и добро да ја познава дисциплината која ја предава, да ги знае психолошко-педагошките и методичките основи на наставата и воспитувањето, како и да има човечки квалитети потребни за оваа професија[13] Друга дефиниција гласи

[13]Ibid.

вака: наставникот ги остварува друштвените цели и задачи на воспитанието, пружајќи им на учениците теоретски и практични знаења и умеења, формирајќи кај нив правилен поглед на светот, развивајќи го нивниот карактер и цртите на личноста како и друштвена активност.[14]

Во традиционалното училиште, главна задача на наставникот е да им го пренесе своето знаење на учениците, односно тие да стекнат облици на знаење, умеења и навики. Сето тоа наставникот го врши вербално, односно тој предава а ученикот учи. Во современото училиште, улогата на наставникот е изменета. Тој добива нови задачи, цели и задолженија, а со тоа и сосема нова улога. Наставникот од традиционалното училиште не е повеќе доволен и не може да ги исполни задачите што од него се бараат во современото училиште. Поради тоа, од него се очекува да се промени односно: да има високо ниво на знаење, општа култура, морални одлики и особини на личноста кои се значајни за еден воспитувач.[15] Со други зборови, тој треба да е во чекор со времето, постојано да се надоградува, да е слободоумен, како би можел најдобро да му помогне и да го насочи ученикот на правилен пат за справување со реформите и новините во општеството, како и успешно да функционира во него. Задачата на наставникот не е само да го изгради знаењето на ученикот, да „им ја наполни главата“ со информации, туку да го воспита неговиот карактер за тој успешно да може да ги ползува стекнатите знаења. Значи специфичноста на наставниковата работа претставува усогласеност на наставната, воспитната и друштвената работа.[16]

Наставникот треба потполно да ја разбира својата задача како воспитувач. Тој како воспитувач во децата треба постепено да воспитува доблести. Тие се секогаш позитивни карактеристики на човекот, и се добри како за него така и за целото општество. Впрочем, токму на овој начин, наставникот придонесува за едно подобро општество, преку ученикот, затоа што доблестите низ времето остануваат непроменети. За да воспита доблести во ученикот, тој мора најпрвин да му појасни што значи тоа доблест, да го научи да ја цени нивната важност и да го поттикне за самиот ученик свесно да посака да стекне доблести.

---

[14] Педагошка енциклопедија II, (1989) (ред. Поткоњак, Н. и Шимлеша, П), Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.
[15] Пијановић, П. (уредник), (1996), Педагошки лексикон, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.
[16]Ibid.

Се разбира, од наставникот се очекува и тој самиот секојдневно да ги практикува доблестите, затоа што тој не може да подучува за нешто кон што и самиот не се придржува, односно, не може да го убеди ученикот доколку не го поткрепи сето тоа со личен пример. Тој е или треба да биде пример за доброто воспитание за коешто подучува, односно тој е модел според којшто ученикот се раководи. На тој начин кај ученикот нема да се создава конфликт помеѓу она што го учи и она што го гледа/доживува, и односот помеѓу него и наставникот ќе биде поквалитетен.

Освен односот помеѓу наставникот и ученикот, наставникот треба да се труди да создава пријатна атмосфера и помеѓу самите соученици, односно позитивна атмосфера во училницата. Со ова, наставникот ќе овозможи соучениците да се почитуваат и грижат еден за друг. На овој начин, учениците ќе можат да учат за доблестите и да се воспитуваат на тој начин преку самиот живот во училницата. Ова има сличен ефект како хармоничното семејство. Кога на ученикот му е пријатно, тој е подготвен за соработка со наставникот, а кога во училницата владее непријатна атмосфера, тоа му го отежнува животот на ученикот во училиштето, а воедно и воспитно-образовниот процес. Непријатната атмосфера во училицата е пречка за развојот на ученикот, којашто наставникот треба да се труди да ја отстрани.

Со други зборови, настравникот треба да има научно-стручни знаења и педагошки знаења, кои се во заемен баланс. Во националната програма за развој на образованието на Р. Македонија, стои дека во нашата земја овој соодност не е на соодветно ниво. „Така на факултетите кои репродуцираат најголем број предметни наставници за основното и за средносто образование, педагошката компонента во вкупниот број на неделни часови е застапена со приближно 6-10% или соодност од приближно 9:1. Ваквиот соодност јасно укажува дека наставниците во предметната настава имаат/стекнуваат иницијално образование кое ни приближно не ги задоволува потребите на наставничката професија“[17] Поради ваквата свест, со националната програма за развој на образованието во Република Македонија, дефинирани се промените кои ќе се направат по однос на унапредување на кадровските ресурси и наведена е низа активности преку кои се предвидува да се постигне тоа. Што се однесува конкретно на наставниците, лесно може да се забележат драстични промени во нивната поставеност во училиштето од организациски, административен, едукативен, евалвациски и

[17] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

иновациски аспект. Исто така, наведена е и глобалната матрица на комепетнциите на наставниците. Ги избравме оние компетенции кои ги сметаме за драстична промена во улогата на наставникот:

Наставникот:

- Создава услови и поттикнува дијалог меѓу учениците.
- Обезбедува услови за формирање на ставови на учениците и градење на аргументација за нивно зацврстување.
- Обезбедува можности за активно ангажирање и користење на сите идеи на учениците.
- Се промовира себеси како партнер со поголемо искуство во учењето,
- Ги прилагодува пристапите на работа кон секој ученик.
- Негува стил на работа во кој инструкциите, следењето и вреднувањето на ангажираноста на секој ученик се условени од неговите различни можности и способности.
- Покажува флексибилност во прилагодувањето на инструкциите и очекувањата од секој ученик поединечно.
- Ги разбира и почитува различните стилови на учење, средствата за истражување и структурите на знаењето и врз основа на нив ги гради сознајните искуства на учениците.
- Обезбедува интегрирани знаења и интердисциплинарни искуства со што кај учениците развива холистички сфаќања за стварноста.[18]

Исто така, во програмата се наведува дека со програмите за професионален развој на наставниците ќе мора да се води сметка за педагошките компетенции, односни „наставникот треба да биде компетентен на општо-педагошки и дидактички план за да може да пренесе широка лепеза на знаења и вештини со посебен фокус врз стратегиите за стекнување на знаења и вештини, развојот и стимулирањето на мотивацијата за учење, креативноста, соработката, самостојноста, критичкото мислење, способноста за решавање на проблеми и креативноста кај учениците, за сметка на фаворизирањето на енциклопедизмот, фактографијата и репродукцијата“.[19]

---

[18] Ibid., стр 329.
[19] Ibid.,, стр 336.

Оттука може да се забележи дека улогата на наставникот во современото училиште е во голема мера изменета од аспект на неговата генерална поставеност во училиштето. Ова секако влијае врз сликата којашто учениците ја имаат за наставникот, па оттаму и влијанието на промените врз нивното воспитание. За некои наставници ваквите промени може да претставуваат потешкотија и пречка за соодветно вршење на нивната улога, поради поинаквата поставеност на нивната досегашна улога.

## 3.1.УЛОГАТА НА ОДДЕЛЕНСКИОТ РАКОВОДИТЕЛ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ

Наставникот кој го има најголемото влијание врз ученикот е одделенскиот раководител.

Законот за основното образование, односно член 143, за одделенскиот наставник вели вака: Одделенскиот, односно раководителот на паралелката ја остварува програмата за часот на одделенската заедница, ги анализира воспитните и наставните резултати на одделението, се грижи за решавање на воспитните и наставните проблеми на одделни ученици, соработува со родителите и стручните соработници на училиштето, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.[20]

Улогата на одделенскиот раководител во основното образование е мошне сложена и одговорна. Неговите задачи се многубројни, но генерално можат да се поделат на три групи: административни, организациони и педагошки.[21]

Се разбира, најважни се педагошките задачи. Оделенскиот раководител е првиот наставник со кој ученикот доаѓа во непосреден контакт. Тој треба да е вклучен во сите аспекти на животот на учениците во училиштето, тој треба да се грижи за нивниот престој во училиштето, тој треба да е запознаен со сите проблеми на учениците кои се случуваат во училиштето. Тој треба да е запознаен со проблемите и потешкотиите помеѓу ученикот и другите ученици, помеѓу ученикот и другите наставници, како и

[20] Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, Службен весник на Република Македонија, бр.24/2013, стр. 53.

[21] Костова, М. (2004), Методика на воспитна работа, интерен материјал, Скопје, стр. 29.

оние личните проблеми и потешкотии што ученикот може да ги има во животот на училиште. Со други зборови, одделенскиот раководител треба да се труди да го запознае секој ученик како поединец за да може да процени како тој се чувствува во училишната средина. Одделенскиот раководител, токму поради тоа што треба да биде наставникот кој најмногу ги познава учениците од своето одделение, е оној којшто треба да го подобрува животот на учениците во училиштето, за со тоа да го потпомогне целиот развој на ученикот. За таа цел е потребно одделенскиот раководител да воспостави добар однос и добра комуникација со ученикот.

Освен како поединец, одделенскиот раководител треба да ги познава учениците и како заедница, како група, да го разбира начинот на којшто тие се движат и општат со надворешните фактори или внатре во самата група. Тоа е потребно, за решавање на постоечки конфликти и потешкотии, како и за подобрување на општата клима на групата, со што се овозможува и поттикнува поединечниот развој на ученикот.

Одделенскиот наставник треба да може да ги препознава постоечките или потенцијалните проблеми и потешкотии, со коишто учениците како поединци или како група се среќаваат или може да се сретнат. Тоа е потребно затоа што тогаш тој ќе може навремено да реагира, и да овозможи безболно и ефективно решавање или спречување на проблемите.

Одделенскиот наставник е централниот наставник којшто треба да ги има сите информации за ученикот. Тој треба да биде во тек со оценките на учениците, со нивните изостаноци, со потешкотиите на учениците по одреден предмет, да е запознаен со потешкотиите кои се однесуваат на здравјето, семејството и општеството. Со тоа тој се труди да биде информиран и да се грижи за добробитието на ученикот на социјално, физичко и академско ниво. За да може да го постигне ова, тој исто така во текот на целата училишна година треба да комуницира со родителите на учениците, да свикува родителски средби, да ги информира по телефон и слично, за да се осигура дека целта на ученикот е разбрана од неговите родители, и за да биде сигурен во она што го прави. Одделенскиот раководител треба да има разбирање за карактерот и позадината на ученикот, односно за неговите родители, за да може да постигне правилна и успешна соработка.

Покрај со родителите, одделенскиот раководител постојано треба да се консултира со останатите наставници, во врска во учениковите оценки, успеси и потешкотии за нивните предмети.

Одделенскиот наставник е задолжен за одделението за време на екскурзии, посети и разни активности надвор од училишниот простор. Тој ја има одговорноста за учениците кога се случуваат овие настани. Исто така, за време на приредби и училишни манифестации, одделенскиот раководител го води своето одделение, и тој е задолжен за нив.

Средбите на одделенскиот наставник со паралелката зависат од возраста на учениците, односно од одделението. Од прво до петто одделение, раководителот се среќава со паралелката секој ден, и тој е оној кој го предава целиот курикулум на учениците, освен англиски јазик. Раководителот на паралелките од шесто до деветто одделение е малку поинаква, затоа што тој се среќава со паралелката еднаш неделно на одделенски час, и уште онолку пати во текот на неделата колку што има пропишано часови според програмата на одделенскиот раководител.

Во годишната програма за работа на едно училиште наведени се активностите на одделенскиот раководител. Ќе наведеме неколку од нив.

- Работа со ученици: Анализа на структурата на учениците; Пол, календарска и интелектуална возраст, социјално потекло, успех од одделенија, материјална и здравствена состојба на учениците; Предавања дефинирани со програмата на одделенскиот раководител; Анкетирање на учениците; Разгледување на успехот и дисциплината; Планирање, организирање и изведување на екскурзиите; Посета на културно-уметнички и научни институции; Давање помош на одделенската заедница; Идентификација на проблеми во одделението; Формирање на сопствени ставови на учениците и активно вклучување во граѓанскиот живот; Изработка на портфолио; Воведување на програмата за животни вештини; Спроведување на истражувачки проектни активности.
- Соработка со родители: Запознавање со родителите; Определување на ден за консултации; Планирање и организирање родителски средби; Соработка со родителите која е во функција за подобрување на дисциплината и успехот на учениците.

- Учество во одделенски совет: Запознавање на советот со специфичностите на паралелката; Изедначување на критериуми за оценување и воспитни постапки; Вклучување на учениците во дополнителна настава.
- Организациски и административни работи: Водење на педагошка евиденција и документација; Соопштување на успехот на учениците; Пофалување, наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците; Грижа за дисциплината и хигиената; Соработка на учениците и наставниците; Обработка на податоци (табели, графикони и други прегледи).[22]

Во светски рамки, во последно време се појавија многубројни прашања за значењето на одделенскиот раководител во современото училиште, па дури и прашања од аспект на неговата потреба. Многу дискутирани се прашањата како тоа дали одделенскиот раководител е потребен во училиштето. Таквите дилеми с□ повеќе наликуваат на изјавата наведена во прирачникот за Валдорф педагогија, која гласи вака:

*Кој го презема местото на одделенскиот раководител? Кој ја презема неговата работа? Токму одговорот на ова прашање тешко се прифаќа денес, затоа што одговорот е: самото одделение, заедницата од деца, од млади луѓе кои заедно учеле низ текот на многу години, кои биле со истиот наставник.*[23]

Како што ќе видиме и подолу, ова е поврзано и со одделенскиот час.

## 3.2. ОДДЕЛЕНСКИОТ ЧАС ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ

Друга промена која која настана во однос на одделенскиот раководител во Република Македонија во современото училиште е програмата „Животни вештини".

[22] Годишна програма за работа на О.У. „Кочо Рацин", (2013), Охрид.
[23] Huersch, Imgard. (1993), *The Role of Teacher and Its Transformation,* Anthroposophic Press.

Оваа програма го засега одделенскиот раководител затоа што е поврзана со неговиот одделенски час.

Одделенскиот наставник е најодговорен за неговото одделение. Тој мора да општи со своите ученици, да разговара за проблемите кои учениците ги имаат во животот на училиште, да ги сослуша доколку тие сакаат да ги споделат своите достигнувања и успеси во училиштето, да разговара со нив за секојдневните обврски на учениците кои се обновуваат од недела до недела, да им соопштува новости за претстојната недела итн. Со други зборови, одделенскиот раководител е оној кој е нераздвојно задолжен за радоста на учениците во училишната средина; тој ги запознава своите ученици, ги дознава нивните силни и слаби страни и соодветно на тоа ги води во училишниот живот. За учениците, одделенскиот раководител најважно е да претставува една возрасна личност во училиштето која се грижи за нив.

Со текот на времето, одделенскиот наставник се грижи за своите ученици за време на целиот нивен живот на училиште, меѓутоа нему бездруго му е потребно одредено време насамо со своето одделение за да може подетално да разговара за случувањата во училиштето. Поради ваквата потреба и поради неизоставната улога на одделенскиот раководител, со наставниот план и програма е предвиден одделенскиот час. Тоа е часот, односно времето кога наставникот треба го врши најголемиот дел од неговите одговорности кон неговите ученици.

Искуствата од Европа по прашање на одделенскиот час се следни: во Данска е предвиден еден час неделно од I до X одделение, во Финска два часа неделно од VII до IX одделение, во Грција во I и II одделение се одржува по 1 час неделно, во Словенија е предвиден половина час неделно од IV до IX одделение, и во Хрватска е предвиден 1 час неделно од I до VIII одделение. Во Република Македонија час за одделенската заедница се одржува еднаш неделно од V до VIII одделение.[24]

Во законот за основно образование, под Член 29, стои вака: На часот на одделенската заедница се разработуваат содржини за личниот и социјалниот развој на учениците според програмата што ја утврдува министерот, на предлог на Бирото.[25]

[24] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието.

[25] Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, Службен весник на Република Македонија, бр.24/2013, стр. 11.

Значењето на одделенскиот час во последно време е доста актуелно прашање. Актуелни се прашањата на пример, „Дали е полезно одделенскиот час да трае колку и секој друг час?“, „Дали времето од одделенскиот час може да се употреби и за други цели односно да се пренамени?“ и слично. С□ почести се и примерите на училишта кои сосема го исфрлиле одделенскиот час од наставната програма. Најчесто објаснување за ваквите промени, како што и погоре видовме се тврдењата дека одделенскиот час е потребен само во пониските одделенија, додека повозрасните ученици се доволни зрели за да можат да се грижат самите за нивниот живот во училиштето и при тоа да немаат дополнителна потреба. Одделението созрева како заедница, па оттаму и заедницата би била онаа којашто би ја заменила потребата од одделенски час, па дури и одделенски раководител. Одделенскиот час не би требало да се зема „здраво за готово“. Тоа би било погубно за одделенскиот раководител, одделението и целокупниот живот во училиштето.

## 3.3.„ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ“

Од ваквите промени во светот, се појави потребата да се внесат промени по прашање на одделенскиот час. Односно, промените кои се во функција на зајакнување на воспитната функција на училиштето, во центарот го ставаат одделенскиот наставник, односно неговите воспитни задачи. Исто така, во упатството за животни вештини стои следната изјава:

*Искуствата од претходните години укажаа на тоа дека не сите ученици биле доволно ангажирани и не сите активно учествувале во различните училишни активности, не била задоволувана нивната иницијативност, а во рамките на задолжителните, изборните и факултативните предмети не се реализирале активности за усвојување и стекнување ставови и вештини неопходни за активна, свесна и одговорна личност.*[26]

[26] Упатства за планирање, реализација и евидентирање на програмата „Обраование за животни вештини“, (2009), Скопје: Биро за развој на образованието.

Со ова се наметна потребата за подобрување на воспитната функција во современото училиште во Република Македонија, а одделенскиот час се замени со програмата „Животни вештини". Оваа програма е предвидено да се одржува за време на одделенскиот час, од страна на одделенскиот раководител.

Животот на ученикот во општеството не започнува по завршување на неговото образование. Возрасните најчесто знаат погрешно да се изразат, кога велат дека училиштето го подготвува ученикот за животот којшто допрва го чека. Ученикот веќе живее и дејствува во општеството, и затоа не треба да се смета за негов неактивен член. Децата најмногу учат и паметат кога учењето можат да го применат во пракса, па оттаму и потребата за програмата „Животни вештини" во Република Македонија. Се разбира, неговото воведување е повторно во најголема мера поттикнато со цел да се зајакне воспитанието кај учениците и да се подобри воспитната функција на училиштето. Тоа е насочено „кон внесување промени во однесувањето преку стекнување определени знаења, ставови и вештини кои им помагаат на децата да изберат и да практикуваат здраво однесување"[27] Оваа програма се стреми кон тоа ученикот да го претвори од пасивен примач на информации, во активен изучувач на животните вештини, односно „програмата се базира на партиципативни методи на учење и поучување што ги прави децата активни учесници во процесот на учење"[28]. Со други зборови, образованието за животни вештини симултано и континуирано ќе го подготвува ученикот за неговиот живот и место во општеството и симултано и континуирано ќе му овозможува тој да се подобрува. Со други зборови, како и што стои во прирачникот за Животни вештини „основна задача на образованието за животни вештини е да го претвори знаењето во однесување"[29]. Тоа е повторно, поради сознанието дека животот на ученикот, не следи допрва, туку е веќе започнат.

Во прирачникот за Животни вештини , тие се дефинираат како „голема група психосоцијални вештини, чија цел е да придонесат за личниот, емоционалниот и социјалниот развој на децата и да обезбедат физичка, ментална и социјална добросостојба на децата"[30]. Односно изучувањето на оваа програма предвидува еден баланс помеѓу она што учениците го знаат, и она што реално го практикуваат, што

[27] Прирачник за образование на животни вештини за VII-IX одделение, (2009), Скопје: Биро за развој на образованието.
[28] Ibid.
[29] Ibid.
[30] Ibid.

значи дека тие се активно вклучени во процесот. Најважните животни вештини, кои се наведени во Прирачникот за образование за животни вештини (според Светската здравствена организација) се следните:

- Свест за себе
- Емпатичност
- Комуникациски вештини
- Интерперсонални вештини
- Вештини за донесување одлуки
- Вештини за решавање проблеми
- Креативно мислење
- Критичко мислење
- Справување со емоции
- Справување со стрес[31]

Овие вештини се испреплетени низ работилниците. Нивната нагласеност зависи од темите кои се пропишани со прирачникот: Јас – личен развој, јас и ти – интерперсонални односи, јас и другите – општествени односи, јас и здравјето – здраво живеење и јас и околината – однос со надворешната средина.

Со прирачникот е предвидено, наставникот да ги остварува пропишаните цели со тоа што суптилно ќе ги предизвикува учениците да разговараат меѓу себе за теми од секојдневниот живот, спонтано ќе се надоврзува со лични искуства на учениците и ќе го набљудува интересот на ученикот за време на часот. Работилниците за реализирање на целите, наставникот треба да ги реализира спонтано, релаксирано и без методска ригидност, во пријатна и опуштена атмосфера во училицата, во која учениците слободно и со задоволство ќе изнесуваат свои идеи и ќе ги прифаќаат и почитуваат идеите на соучениците.[32] Со ова се предвидува учениците да размислуваат, аргументираат, изнесуваат идеи, со што ќе го развијат критичкото и креативното мислење и ќе се здобијат со нови искуства, кои ќе бидат корисни и применливи во нивниот живот. Во опуштената атмосфера, која е пријатна за учениците, исто така се развива и нивната љубопитност, што е добар показател за успех во учењето.

[31] Ibid., стр 8.
[32] Ibid., стр 13.

Учениците не добиваат оценки за оваа програма. Доколку тие се истакнат на некоја од работилниците или изготват нешто квалитетно, тогаш тоа се чува во портфолиото на ученикот, со цел да помогне при добивање на целосна слика за вештините и напредокот на ученикот.

# 4. РОДИТЕЛИТЕ ВО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

## 4.1.ВОСПИТНОТО ВЛИЈАНИЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВРЗ ЖИВОТОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

„Семејството и моралните вредности се центарот на с што сум.“

-Мериан Рајт Еделман

Како што напоменавме погоре, семејството е првиот воспитен субјект, со којшто ученикот доаѓа во контакт. Тука ученикот се среќава со првите модели и правила на однесување, што можат, а што не смеат да прават, тука започнува да се гради нивниот систем на вредности, како и морални норми.

*Семејството е она, кадешто детето ги поставува основите за понатамошно развивање на интелектуалното, моралното, социјалното, физичкото емоционално и работно образование, како и основите за развивање на чувство на заедница, почит, како и восприемање на вредностите и погледите на светот.*[33]

Тоа е средината кадешто ученикот почнува да го развива својот карактер и да ги развива своите предиспозиции. Родителите се неговите први модели на однесување од коишто детето учи, и врз коишто паѓа сета одговорност за неговото понатамошно развивање.

Родителите се оние од коишто детето пред с **гледа** како тие се однесуваат. Рускиот писател за деца, Дмитриј Јемец, кој е и самиот татко на седум деца, кога е запрашан да каже нешто за воспитанието во едно интервју, тој одговара дека за воспитување е потребен пример, и дека зборовите не значат ништо: Децата не слушаат

[33] Popova-Koskarova, R. (2012), *Slight Enlargement of the Upbringing Function in the Schools in Macedonia as a Serious Social Issue,* FACTA UNIVERSITATIS – Series Philosophy, Sociology, Psychology and History, Nish.

што им зборуваме, туку гледаат што правиме.[34] Децата покрај тоа што гледаат, тие најмногу чувствуваат. Секој здрав однос помеѓу родителите детето ќе може да го почувствува и следствено на тоа да расте во едно здраво и хармонично семејство. Истото се случува и со нездравиот однос помеѓу родителите. Тој не може да остане незабележан од страна на детето. Токму поради тоа, родителите мора да се свесни за ваквите нешта и да се трудат секојдневно да создаваат хармонично и здраво семејство за доброто на нивното дете.

## 4.2. РОДИТЕЛИТЕ, УЧИЛИШТЕТО И НИВНАТА СОРАБОТКА

Хармоничното и здраво семејство во коешто расте и се развива ученикот, како и семејството во коешто владеат нездрави односи помеѓу родителите како и помеѓу родителите и децата, бездруго се одразува во животот на ученикот во училиштето.

Други фактор кој влијае врз воспитно-образовниот процес на детето во семејството е образованието на родителите. Родителот е оној којшто треба да започне да ја буди љубопитноста кај своето дете, да му помогне да ги развива своите интереси и постепено да го учи за животот. Едно истражување спроведено за да ја истражи вклученоста на родителите во училишниот живот на учениците како и нивното влијание во воспитно-образовниот процес, покажало дека „родителите коишто завршиле минимум средно образование можат да остварат подобра комуникација со нивните деца од оние коишто не завршиле минимум средно образование... многу родители кои немаат минимум средно образование, носат во себе огромен стрес, којшто пак им ги попречува можностите успешно да комуницираат со своите деца".[35] Родителите коишто имаат завршено минимум средно образование, преживеале поголем стрес во животот и затоа се поподготвени да им помогнат и на своите деца во воспитно-образовниот процес. Родителите пак, кои не завршиле минимум средно образование не се вклучени многу во воспитно-образовниот процес поради тоа што тие не ја разбираат важноста од тоа, и не се чувствуваат многу удобно во тоа. Се разбира ова се многу строги генерализации од заклучоците на тоа истражување.

---

[34] Преземено на 20.09.2014, http://pravmir.ru/dmitri-yemets/

[35] Selfani, Joseph, D. (2004), *The Educated Parent,* Connecticut: Praeger Publisher.

Семејството треба да биде во функција на училиштето, како и обратно, за да може на детето да му се овозможи правилен раст и развој. За да се постигне ова, родителите мора пред с□ да се заинтересирани за животото на нивното дете во училиштето, да се трудат да ја разберат работата на наставниците, со што ќе бидат и спремни за соработка. Истото се очекува и од наставниците и од стручните соработници. Во Република Македонија, па најверојатно и пошироко во светот, моменталната состојба на соработка помеѓу родителите и наставниците е „префрлање на топката", односно наставниците ја ставаат сета одговорност на родителите, а родителите пак „се убедиле дека наставниците најдобро знаат што е најдобро за нивните деца, што заборавaат дека тие самите се всушност стручњаците"[36]. Во ова префрлање на одговорноста, и наставниците и професорите заборавaат дека тие се на иста страна во воспитниот процес на учениците.

Наставниците и родителите имаат иста цел во воспитно-образовниот процес, и токму поради тоа нивната соработка е од суштинско значење за учениците. За да може да се создаде една успешна соработка помеѓу родителите и наставниците, потребно е и двете страни пред с□ да се подготвени за тоа, да имаат добра волја како и да се трудат да се разберат едни со други. За малку повеќе да се разбере состојбата на мотивацијата на маргилизираните студенти, едно истражување во Австралија се обидело да ги разбере родителите. Испитувајќи ја мотивацијата којашто родителите им ја даваат на маргилизираните студенти, се добила појасна слика за состојбата на родителите и студентите, а авторот открил неколку видови на родители, коишто успеал да ги смести во три групи.[37] Ако наставниците, сакаат родителски средби да ги спроведуваат на успешен начин, потребно е да се потрудат малку да ги „проучат" односно да ги разберат родителите. Се разбира, ова се однесува и на родителите и треба да е двострано, затоа што еднострaната соработка нема да даде резултат онолку колку што би дала возвратената соработка.

Родителите и наставниците се оние кои секојдневно општат со учениците. Токму тие треба да се оние кои ја разбраат променливоста на ученикот, и треба континуирано да се трудат да го проучуваат неговиот карактер. Кога тие правилно ќе

[36] Преземено на 24.06.2014, http://www.brainyquote.com/quotes/quotes/m/marianwrig133353.html
[37] Auerbach, S. (2007), *From Moral Supporters to Struggling Advocates: Reconceptualizing Parents Roles in Education through the Experience of Working-class Families of color,* Northridge: California State University.

го разберат ученикот, тогаш нивната меѓусебна соработка ќе дава плодоносни резултати.

Но, што се подразбира под тоа ученикот да е правилно разбран? Родителите најчесто имаат свои замисли за тоа какво ќе биде или какво треба да биде нивното дете. Тие најчесто ги „сместуваат" своите деца во своите идеали, и соодветно на тоа се однесуваат кон своето дете. Подоцна доаѓаат лоши резултати како производ на тоа, а на родителите многу работи им се нејасни. Ним им се чини дека нивното дете „преку ноќ" се променило, и ја бараат вината за тоа кај сите, освен кај себеси.

Истото се случува и со наставниците. Кога тие тргнуваат од „закоравени" претпоставки, како на пример тоа дека ученикот мора да има петки на училиште, или дека ученикот не смее да не знае математика или англиски, тогаш тие ја прават истата грешка.

Ученикот во училиштето треба да биде воспримеан од страна на наставниците и родителите како посебна личност, инаква и единствена. Некој ученик ќе има петки по сите предмети на училиште, меѓутоа некој ученик ќе се истакнува само на часот по математика. Некој ученик ќе биде активен и насекаде присутен во животот на училиште, додека пак некој ученик ќе биде особено молчелив и навидум пасивен. Сите ученици учат во исти услови и имаат исти наставници, меѓутоа не сите одговараат на ист начин. Покрај тоа што секој ученик доаѓа во училиштето со различна позадина, тој уште е и различен од сите останати, и сето тоа треба добро да се разгледа и добро да се проучи. Треба да се увиди природата на детето, неговите предиспозиции, квалитети за да можат натаму да се развиваат. На тој начин ќе му се помогне на ученикот да се запознае себеси и светот, што е навистина потребно. Според ова се води и оценувањето во современото училиште, со што во првите три одделенија оценувањето на знаењата на учениците е описно[38], односно се опишуваат постигнувањата, капацитетите и интересите на ученикот. Кога наставниците и родителите ќе се трудат на тој начин да го разберат ученикот, нивната соработка ќе придонесе позитивни резултати. За ваквата соработка најчесто е потребно најпрвин да се покрене свеста кај родителите за тоа дека и тие се важни за животот на ученикот на училиште.

---

[38] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието.

Голем дел од родителите сметаат дека тие не се или не треба да бидат дел од воспитно-образовниот процес на училиштето. Едно истражување[39] доаѓа до заклучок дека родителите со понизок степен на образование се помалку подготвени за соработка. Истото истражување покажува дека оние родители кои веруваат дека немаат моќ да влијаат врз животот на ученикот на училиште, не се ни обидуваат да соработуваат со училиштето. Поради ваквите сознанија, потребно е да се подигне свеста кај родителите за тоа дека нивното присуство е потребно во училиштето и дека тие треба да претставуваат активен фактор во воспитно-образовниот процес на нивното дете на училиште, за да може да се одржува успешна соработка помеѓу наставниците и родителите.

Со ваква цел, со Националната програма за основно образование 2005-2015 во современото училиште во Република Македонија, се предвидува зајакнување на соработката помеѓу наставниците и родителите преку т.н. „Соработка со родители".

„Соработката со родители" е аспект на работење на училиштето кој сукцесивно се реализира и е во фаза на развивање. Оваа програма има за цел да ги поттикне родителите да се вклучат во повеќе аспекти од животот и работата во одделението.[40] Со оваа програма примарно се предвидени групни и индивидуални средби плус дополнителни работилници, средби, и проекти кои се реализираат низ текот на учебните години.

На групните родителски средби најчесто се зборува за дотогашниот успех на учениците, за дисциплината во одделението и за некои тековни прашања, а пред с□ тие се информирани за планот, програмата и тековните новости. Групните средби предвидено е да се одржуваат во следните периоди:

- На почетокот на учебната година
- На крајот од првото тромесечие
- На крајот од првото полугодие
- На крајот од третото тромесечие
- На крајот од учебната година

[39] Auerbach, S. (2007), *From Moral Supporters to Struggling Advocates: Reconceptualizing Parents Roles in Education through the Experience of Working-class Families of color,* Northridge: California State University.
[40] Годишна програма за соработка со родители, (2013), Тетово: ОУ „Братство Миѓени".

Индивидуалните средби можат да се одржуваат секојдневно или повремено доколку за тоа има потреба. Овие средби начесто се случуваат за родителот подетално да се информира за успехот и дисциплината за своето дете, за постоечки изостаноци како и за тековни прашања или проблеми. За овие нешта родителите можат да бидат известени и преку писмен пат.

Можат да се свикаат и вонредни родителски средби доколку за тоа има потреба.

Покрај ваквите родителски средби, во современото училиште се одржуваат и дополнителни средби помеѓу наставниците, родителите и учениците. Овие средби можат да се реализираат во вид на посета на театарски претстави, музички случувања, музеи, екскурзии и слично. Примери за ваквите активности на училиштата се наведени во годишните програми за работа на училиштата. Како пример ќе ја земеме годишната програма за работа на ООУ „Блаже Конески" кадешто се наведени следните активности:

- Отворен ден за родителите – Мојот/мојата татко/мајка знае (на одделенски час или на некој друг час чија материја е соодветна со предавањето, родителот одржува предавање на учениците за својата професија – родителот е во улога на наставник)
- „Кај мојот дедо" – заедничка посета на ученици и родители на фарма
- Организирање на спортски натпревати по повод патрониот празник помеѓу родители и наставници, а во улога на навивачи се учениците со цел да се развие другарувањето и спортувањето меѓу учесниците.
- Добротворна акција за собирање пари и облека – „Ние сме хумани, а вие?" – организатори на целата акција се родителите и одделенските или класните раководители.
- Организирање на заеднички излет на паралелките заедно со родителите на учениците под мотото „Ајде да се дружиме"[41].

Преку ваквиот вид на соработка помеѓу наставниците и родителите, се предвидува дека истата ќе се зајакнува и продлабочува. За да се овозможи тоа, наставниците треба да поседуваат одредени вештини. Во националната програма се

[41] Годишна програма на ООУ „Блаже Конески", (2013), Прилеп: ООУ „Блаже Конески".

наведени компетенциите кои еден наставник треба да ги има по однос на соработката со родителите. Наведени се следните:

- Го афирмира партнерскиот статус на родителите.
- Го поттикнува и организира присуството на родителите во училиштето и училницата.
- Ја дизајнира стручната и искуствената партиципација на родителите во наставниот процес.
- Ги посетува семејствата на учениците.
- Иницира форми за организирана соработка меѓу родителите на учениците.
- Редовно ги информира родителите за напредувањето на нивните деца.
- Организира заеднички средби со родителите и нуди содржини на нивно дружење.
- Одржува континуирана врска и комуникација со членовите на семејствата на своите ученици.
- Работи со родителите за развивање на свест и одговорност кон правата на децата и обврските на родителите и смемејството.[42]

Со ваквите компетенции на наставниците, родителите преку заедничката соработка ќе се доближат до животот на училиштето и неговата работа. Во годишниот извештај на ОУ „Даме Груев“ се наведени следните аспекти со коишто ќе се запознаат родителите од ваквиот вид на соработка:

- Психичкиот и социјалниот развој на учениците
- Резултатите од учењето и поведението
- Услови за учење на детето во смејеството
- Запознавање со карактеристиките на детскиот развој
- Правилна исхрана и хииена
- Здравствено воспитување
- Физичка особеност кај различни возрасти
- Проблеми во учењето и социјализацијата на децата
- Меѓусебниот однос на членовите во семејството
- Методи, средства на семејно воспитување

[42] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

- Односот меѓу родителите, наставниците, учениците и др.[43]

Со овој проект, се предвидува родителите постојано да се доближуваат до работата на училиштето, а наставниците постојано да стекнуваат поголемо разбирање за позадината од којашто доаѓаат учениците. На крајот, се предвидува таквата соработка да резултира со големи придобивки и позитивни влијанија врз самите ученици.

## 5. ЕТИКАТА КАКО НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ

Често се говори за времето во коешто ние сега живееме, дека тоа е време на транзиција. С□ околу нас доживува трансформација, и многу нешта се менуваат за многу кратко време. Виновник за тоа е глобализацијата, која зазема се поголем замав. Поради ова, се менуваат и општествата. Тие трудејќи се да се здобијат со еден лик, кој ќе е глобално познат за сите, постепено губат дел од своите особености, односно ја губат својата автентичност. Луѓето кои се дел од тоа општество, ги согледуваат последиците од таквите промени после некое време, како тие да не се во нивна контрола.

Еден аспект од ваквите стремежи, е разнишувањето на вредностите во едно општество и ерозијата на моралот. Овие теми се доста актуелни во нашево време, и поконкретно во нашево општество. Дали може нешто да се преземе, за да се спречи, или во најмала рака да се контролира ваквата ерозија? Како да се постапи и од каде да се почне?

Знаеме дека „железото се кове додека е жешко". Знаеме и дека иднината им припаѓа на генерациите кои допрва следат. А знаеме и дека „само образованието може да го спаси нашето општество од можен колапс, без разлика дали тој ќе биде катастрофален или благ".[44] Како одговор на ова и како обид да се влијае врз состојбата со надеж дека ќе се подобри, во РМ се воведе етиката како наставен предмет во

[43] Годишна програма за работа на училиштето, (2012), Битола: ОУ „Даме Груев".
[44] Преземено на: 24.06.2014, http://www.ibe.unesco.org/publications/ThinkersPdf/piagete.PDF.

современото образование. Но, што всушност претставува етичкото образование? Како и дали тоа може да биде делот којшто недостасува?

Ако се обидеме да ја дефинираме етиката на наједноставен начин тогаш ќе кажеме дека таа е „систем од морални начела, кои влијаат врз начинот на којтшо луѓето го водат својот живот и врз начинот на којшто луѓето носат одлуки.“[45]Според ова, може да кажеме дека етиката е патоказ во животот на луѓето кои тие го следат во секојдневието. Тогаш што би претставувало етичко образование и на кој начин тоа би се остварувало? Според д-р Кирил Темков „етичкото образование го дополнува и надградува стандардното морално воспитание, кое претставува запознавање на младата личност со општествените норми и тенденции и нивно прифаќање и приспособување кон нив.“ Тој понатаму објаснува дека етичкото образование се стреми да воспита автономна личност која што ќе може етички да се справува со проблемите на живеењето односно која ќе биде етички образована. Тој уште и додава дека „етички образованта личност има способност да обликува, избира, следи и брани соодветни аксиолошки ставови, а од вредностите да создава сообразни ефектни морални норми на однесувањето“.[46]

Кога зборуваме за етиката, неизбежно е тука да се провре и моралот. Моралот и етиката порано најчесто биле изедначувани, меѓутоа денес с почесто се прави разлика помеѓу овие два термина. Моралот може да го дефинираме како збир на повеќе начела според кои се изразува личноста на човекот. Дефинициите за моралот и етиката се доста слични, меѓутоа мора да напоменеме дека етиката во себе го вклучува моралот, што значи дека моралот е неизоставен дел од етиката.

Многу застапен е ставот дека моралните вредности децата ги воспоставуваат во семејството и дека тие доаѓаат со нив на училиште. Ваквиот став е во голема мера точен; градењето на систем на вредности започнува во семејството, но тоа не завршува таму. Градењето на систем на вредности не е дејство што се случува во семејството и завршува таму. Децата како ученици во нивниот училишен живот ги надградуваат и утврдуваат старите морални вредности и градат нови. Понекогаш може и да се појави и дисфонија помеѓу родителите и наставниците, со што кај ученикот се создава конфликт и забуна. Тој од двете авторитетни страни добива различна информација.

[45] Преземено на: 24.06.2014, http://www.bbc.co.uk/ethics/introduction/intro_1.shtml
[46] Темков, К. „Етика во VI одделение“, 2010, Скопје: Биро за развој на образованието.

Етиката е онаа којашто може да дејствува како посредник помеѓу двете страни. Кога ученикот постепено ќе станува етички образована личност, тој ќе гради морални вредности и самиот ќе може да одлучи што е добро а што не. Тоа ќе му помогне во процесот на неговото осамостојување како личност.

Поради ваквиот факт, во Македонија се воведе етиката во современото образование како наставен предмет. Тоа е обидот да се подобри воспитната функција на современото образование, и да се воспитуваат автономни личности. Во 2010 година, етиката се воведе како изборен предмет во шесто одделение, а потоа таа се помести едно одделение погоре. Наставник по етика може да биде оној кој има завршено соодветно високо образование плус специјализација во педагошка област.[47] Некои од содржините кои се обработуваат на часот по етика се следните:

- Етиката и моралот
- Универзални етички вредности
- Добро однесување[48]

Со првото наставно подрачје, учениците се запознаваат со општите дефиниции за етиката и моралот. Целта е кај учениците да се создаде свет за етично-неетично, добро-зло, правилно-неправилно и слично. Во второто наставно подрачје се обработуваат основни етички вредности: чесност, вистина, праведност, с□ со цел на учениците да им станат пореални овие термини и самите да почнат да размислуваат за нив. Во последното наставно подрачје, пак, се обработуваат теми од бонтон. Темите кои ги опфаќа ова подрачје се:

- Добро однесување
- Однесување во семејството
- Однесување на училиште
- Однесување меѓу другарите
- Добро однесување во јавноста
- Добро однесување кон другите луѓе[49]

[47] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.
[48] Темков, К. „Етика во VI одделение“, 2010, Скопје: Биро за развој на образованието.
[49] Ibid.

Од друга страна пак, може ли етичкото и моралното воспитание да се подучува како наставен предмет? Може ли тоа да се подучува засебно, одделено од другите предмети, или пак треба да е дел од секој предмет и од с во училиштето? Колку и дали тоа има влијание врз реалните вредности на децата? Дали учениците ги формираат и утврдуваат вредностите врз основа на кажувањата на возрасните или пак тие имаат друг показател кога станува збор за формирање вредности? За ваквите дилеми за моралното воспитание, Жан Пјаже вели: „детето само ги гради своите морални светогледи, само формира идеи за она што е правилно а што не, што е добро а што не. И ова не е непосреден плод на подучувањето од страна на возразните.“[50]

Поради ваквата дилема – за тоа дали етиката како наставен предмет влијае врз етиката на учениците во реалниот живот, во овој труд ќе го испитаме генералниот став на стручните соработници, наставниците и родителите, за тоа дали и како влијаела етиката врз воспитната компонента на училиштето. Со тоа ќе испитаме и колку етиката опстојува, каков е нејзиниот статус, во еден образовен систем каков што е нашиот, кој е ориентиран и презаситен со желбата за интелектуално развивање.

## 6. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

Во природата на човекот е да се менува. Со тоа, целиот свет околу него се менува. Иднината им припаѓа на оние кои се менуваат. Промените, ако се разумно одбрани, секогаш се позитивни. Во последно време, училиштето е установа која е изложена на голем број промени. Со промените во општеството, доаѓаат и промените во образванието, па оттука и сите промени и тенденции во современото училиште. Според зборовите на Винстон Черчил „нема ништо лошо во промените, сè додека водат во правилна насока“.

Сведоци сме дека во современото училиште, сè повеќе и повеќе се обрнува внимание на образовната компонента, додека воспитната компонента е занемарена. Сè повеќе се обрнува внимание на тоа колку знаење ќе усвојат учениците, какви резултати ќе постигнат. Сè повеќе се стишува свеста за тоа дека училиштето воспитува, дека училиштето е она, кое после семејството, му помага на детето да усвојува морални

[50] Gallagher, J. M., Reid, D. K. (1981). The learning theory of Piaget and Inhelder. Austin, Texas: Pro-Ed.

вредноси, идеали. Сè помалку и помалку можеме да изјавиме „поважно ми е какви луѓе ќе станат моите ученици, од тоа какви оценки ќе добијат на тестот“. Училиштето е воспитно-образовна установа, па доколку тоа ја исполнува само едната компонента, тогаш не може да се каже дека тоа училиште ја врши својата задача.

Современото училиште тежнее кон тоа да му даде слобода и простор на секој ученик да се пронајде и својствено на своите потенцијали и можности да ја развива својата личност. Меѓутоа тоа со себе ја влече и опасноста за погрешното разбирање на слободата на детето во училиштето, а со тоа се случува и занемарувањето на воспитанието во училиштето. А ако се занемари воспитната компонента на училиштето, тогаш тоа нема потполно да ја врши својата воспитно-образовна задача. Свеста за ваквата состојба доведе до тоа во современото училиште во Р. Македонија да се воведат повеќе промени. Овие промени се направени во функција на воспитната компонента, односно за образовната компонента да не ја надмине воспитната и училиштето да може да образува и воспитува.

Во последно време наназад, присутен е ставот дека училиштата с повеќе ја занемаруваат воспитната функција. Така Поткоњак ќе изјави: „Во реализацијата на воспитната улога на училиштето до сега многу се постигнало, но с уште има многу недостатоци и пропусти“[51].

Се поставува прашањето: Колку овие промени ја исполнуваат својата примарна задача? Колку тие се практикуваат во објективната реалност? Какви се ставовите на родителите и наставниците? Во овој труд ќе ги разгледаме овие промени и нивното значење за воспитната функција на современото училиште.

---

[51] Поткоњак, Н. (1984), *Остваривање васпитне улоге школе*, Београд: Просветни преглед.

## 6.1.ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИ

Поимите кои се вклучени во ова истражување се: промени и тенденции, современо училиште, воспитна функција, проектот животни вештини (вештини за живеење), етиката како наставен предмет, школа за родители.

**Промени и тенденции** се сите обиди за промена на веќе постоечките утврдени нормативи на еден образовен систем. Сите промени и тенденции се прават со надеж за подобрување на веќе постоечкиот образовен систем. Според речникот The Free Dictionary[52], тенденција претставува природна диспозиција за движење, продолжување или делување во одредена насока или кон одредена цел или резултат. Во ова истражување, ќе ги разгледаме промените и тенденциите кои настанаа во современото училиште, имено промените и тенденциите во однос на: одделенскиот раководител, етиката како наставен предмет, проектот образование за животни вештини и школата за родители. Во понатамошниот текст, сите овие претходно споменати ќе се подразбираат под „промени и тенденции", освен кога тие нема да бидат засебно и подетално разгледувани.

**Современо училиште** е под влијание на воспитно-образовна теорија која е карактеристична поради нејзиниот нагласок на засебните потреби и можности на секој ученик, како и на неформалноста на курикулумот.[53] Според можностите и капацитетите на секој ученик засебно се прилагодува воспитно-образовниот процес. Ученикот с□ повеќе и повеќе е во центарот на процесот. Наставникот, може да се каже, дека е само посредник, којшто ги поттикнува учениците сами да истражуваат и усвојуваат знаења.

**Воспитната функција** претставува задолжителна функција која треба да ја вршат одредени лица или установи. Под воспитание се подразбира целисходен процес преку кој се постигнува претходно утвдена цел. Воспитната функција на училиштето е

[52] Преземено на 16.09.2014, http://www.thefreedictionary.com/tendency
[53] Преземено на 16.08.2014, http://classicalhomeschooling.com/classical-homeschooling-second-issue/classical-vs-modern-educationthe-principal-difference/

да воспита свесна и самостојна личност. Во понатамошниот текст ќе се разгледува воспитната функција на училиштето[54].

**Програма образование за животни вештини** се дефинира како програмата којашто ги воспитува децата да практикуваат здрави облици на однесување и да ги избегнуваат оние што се закана за нивното лично, емоционално и социјално здравје. Односно, овие вештини, ќе им помогнат на децата да бидат зрели, активни и одговорни личности во едно граѓанско и мултикултурно општество.[55] Програмата животни вештини се одвива во сите години од деветгодишното образование, на одделенскиот час.

**Школата за родители** е заемна соработка помеѓу родителите и наставниците. Школата за родители вклучува 5 задолжителни родителски средби. Доколку се појави проблем, може да се свика дополнителна средба. Во школата за родители се вклучени и дополнителни индивидуални средби по желба на наставникот или родителите. Целта на школата за родители е подобрување на образованието и воспитанието на детето преку заемната соработка на родителите и наставниците.

**Етиката како наставен предмет** е изборен предмет кој ученикот може да го избере во VI или VII одделение, односно може да го изучува во двете одделенија. Предметот можат да го предаваат наставници со завршен Филозофски факултет, кои се стекнале со звањето дипломиран професор по филозофија.[56]

„Одделенскиот раководител е лице-наставник кој се избира од страна на Наставничкиот совет на училиштето со цел да раководи, да води една конкретна паралелка ученици."[57]Според ова, во овој труд **улогата на одделенскиот раководител** ќе се разгледува од аспект на влијанието врз реализацијата на воспитната функција.

---

[54] Пијановић, П. (уредник), (1996), Педагошки лексикон, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

[55] Прирачник за Образование за животни вештини за VII-IX одделение, (2009), Скопје: Биро за развој на образованието.

[56] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието.

[57] Костова, М. (2004), Методика на воспитна работа, интерен материјал, Скопје, стр. 29.

# 7. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Во овој дел ќе се осврнеме на некои истражувања кои се направени по прашање на воспитната функција во училиштата.

Авторот Нада Милетиќ[58] во 1985 година во Србија, спровела истражување водена од свеста дека тогашната состојба на воспитната функција во училиштето води до криза на моралот кај учениците. Односно водена од свеста дека занемарувањето на воспитната компонента во училиштето влијае врз моралните вредности кај учениците, затоа што тоа дозволува учениците да се воспитувани од некои други фактори, таа спровела истражување со цел да ги провери и испита моралните ставови за одредени морални вредности на учениците од VIII одделение, на возраст од околу 15 години. Истражувањето се извршило со метод на објективно мерење, со примена на прашалник наменет за учениците.

Добиените резултати од ова истражување покажуваат дека воспитната работа која се спроведува во училиштата според наставни план и програма, се уште ги развива првенствено когнитивните функции, доека пак на афективните, без коишто е невозможно правилно да се воспита личноста, не им се посветува доволно внимание. Тоа се гледа од моралните особини на учениците со коишто е условено и нивното морално однесување. Како резултат на кризата на воспитанието, анализата на добиените одговори на учениците покажала дека кај нив настапила одредена „криза на моралот". Некои од добиените заклучоци се:

- Голем број од учениците уште од возраст на 15 години имаат изграден „двоен морал", како последица на одредени надворешни фактори.
- Поради влијание на надворешни фактори, кадешто спаѓа и влијанието на религијата, кај учениците е забележана идејна разнишаност, односно амбивалентен став.
- Кај учениците е забележана појава на с□ почесто заменување на идеалот со идоли, коишто немаат етички и хуманистички вредноси.

58

- Учениците се ориентирани кон позитивни морални вредности, но најчесто кон најактуелните, што може да е показател за влијанието на средствата за јавна комуникација, коишто ги промовираат истите морални вредности.

Авторот смета дека ваквата „криза на моралот" односно разнишаноста на моралните ставови на учениците како последица на надворешните влијанија треба првенствено да се има на ум. За да се заштитат учениците од надворешните влијанија или за да им се зацврстат моралните ставови, авторот предлага да се засили воспитното делување во поглед на моралните вредноси за кај учениците да се формираат цврсти морални ставови. Исто така, поради тоа што учениците ги заменуваат идеалите со идоли, авторот предлага наставникот с□ почесто да ги истакнува позитивните вредности на оние личности коишто учениците најмногу ги назначуваат за свои идеали, како кај нив би се создал критериум на избор.

Друго истражување со навидум различен предмет на истражување било спроведено во 2011 година со наслов „Професионалната етика на наставникот"[59]. Д-р Дијана Христовска и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска заинтригирани за воспитанието во училиштето направиле истражување, кадешто го проучиле ефектот од модерните трендови во образованието врз ефикасноста на воспитната улога на наставникот. Имено, тие во нивниот труд се водат од фактот дека наставникот е круцијален дел од секоја промена во образованието, затоа што токму наставникот ја игра најголемата улога врз воспитанието на ученикот. Оттука, секоја промена, секој тренд во образованието влијае врз професионалноста на наставникот, па оттаму, посредно влијае врз воспитанието на ученикот. Овој труд започнува со цитат на Дистерваг, кој вели дека училиштето е онолку вредно, колку што е вреден наставникот. Според тоа, ова истражување е релевантно за овој труд, поради тоа што посредно го испитува влијанието врз воспитанието на ученикот, кое наставникот го има предизвикано од современите трендови.

Бивајќи свесни за оваа појава, тие го спровеле истражувањето, така што обрнале внимание на современите трендови поврзани со улогата на наставникот во училиштето. Тие ги наведуваат какви се очекувањата од наставниците во современото училиште, односно како промените влијаат врз она што се бара од наставникот. Тука

---

[59] Христова, Д., Митковска-Јованова, С. Професионалната етика на наставникот, Воспитание бр. 11, (2010/2011), Штип: Универзитет „Гоце Делчев".

набројуваат, дека од него се очекува да поседува: високи човечки квалитети, педагошки квалитети и стручни квалитети со што покажуваат дека модерните трендови во образованието бараат промени во сите аспекти на улогата на наставникот, што подразбира и промени во моралните ставови за својата работа.

Оттука се јавува прашањето: дали промените во професионалните етички парадигми се доволни за да се зајакне професионалната етика на наставникот? Токму поради ваквото прашање, тие спровеле микроистражување за да ги испитаат и потврдат ставовите на наставниците и родителите. Истражувањето било спроведено во пет општини во Р. Македонија: Штип, Битола, Скопје, Прилеп и Демир Хисар. Примерокот бил намерен, односно, вклучени биле наставници и родители од училиштата во горенаведените општини. Со истражувањето се дошло до информации за нивнисте ставови и мислења по прашање на промените, улогата и очекувањата од наставникот во современото училиште.

Одговорите на испитаниците биле подредени во седум категории.

Во првата категорија ги презентирале одговорите на родителите и наставниците по прашање на промените во училиштето. Одговорот на родителите бил дека им се потребни повеќе информации, и дека тие се свесни за ерозијата на моралот во училиштата, и подготвени се да помогнат на начин на којшто е тоа изводливо. Одговорот на наставниците бил дека наставниците се ентузијасти за позитивните промени, и наклонети само кон оние промени кои би ја подобриле нивната работа. Наставниците сметаат дека промените треба да се прифаќаат селективно.

Втората категорија на прашања се однесувала на очекувањата на родителите од наставниците. Родителите одговориле дека од наставникот очекуваат да биде човек со изграден висок морален систем и професионални квалитети. Исто така, тие изјавиле дека тој треба да претставува пример за учениците и да соработува со нив (родителите).

Третата категорија се ставовите на наставниците по прашање на современите трендови и очекувањата од нив. Тие одговориле дека; промените треба критички да се вградуваат со системот; наставникот има важна улога и тој треба да биде пример; тој треба да поседува високи професионално-етички квалитети; наставникот треба да ја

охрабри соработката со родителите; да ги стимулира интересите и способностите на секој ученик.

Петата категорија ги содржела ставовите на наставниците поврзани со соработката со родителите. Ставот бил дека состојбата за соработката со родителите е малку поинаква одошто во минатото, и дека тие (наставниците) се трудат што повеќе да ги вклучат родителите во работата на одделението, како и во донесувањето одлуки поврзани со животот и работата во училницата.

За шестата категорија, која се однесувала на мислењата на наставниците за нивната професионална етичност, тие генерално го дале истиот одговор. Наставниците одговориле дека токму тие се оние кои треба да постават пример за учениците, и преку тоа да ги водат во насоката на етичко однесување. Еден наставник изјавил дека „професионалната етика претставува надградба на личната етика, бидејќи професионалниот и личниот идентитет претставуваат дел од една целина“.[60] Друг наставник ја напоменал и важноста и потребноста на воведувањето на етиката како предмет во образованието.

Седмата и последна категорија се однесувала на препораки на наставниците и родителите за професионалната етика на наставникот. Генералната препорака била проширување на постоечките капацитети во рамките на училиштето и неговата подобра опременост по однос на соработката со родителите, предавања од стручни лица, размислување за етички кодеци на ниво на училница и училиште, воведување на посебен предмет во иницијалното образование кој ќе се однесува на професионалната етика на наставникот итн.[61]

Друго истражување[62] спроведено во Софија, Алексеј Пампоров, професор на институтот за социологија на Бугарската академија на науките, го направил со цел да се утврди состојбата на училиштето и на неговата воспитна функција, на што и укажува неговиот наслов „The School Escaped Its Upbringing Role“ („Училиштето избега од својата воспитна функција“). Наодите во истражувањето укажуваат на тоа дека некои нови промени во одредена мера „избегале од контрола“ и при транзитот од традиционално кон современо училиште, со одредени промени состојбата преминала

[60] Христова, Д., Митковска-Јованова, С. Професионалната етика на наставникот, Воспитание бр. 11, (2010/2011), Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.
[61] Ibid.
[62] Преземено на 16.08.2014, http://www.see-educoop.net/aeiq/documents/parents/fg/bulgaria-fg.pdf.

во сосема друга крајност. Со други зборови, промените спроведени со цел традиционалното училиште да се осовремени, поради недоволно остварување на воспитната функција на училиштето, тоа наместо да се осовремени, преминало во сосема друга крајност. На пример, наместо училиштето да му ја даде на ученикот потребната слобода за којашто толку се чезнеело во традиционалното училиште, со направените промени таа слобода преминала во анархија. Причинителите за тоа се непромислено направените промени и недоволното разбирање на разликата помеѓу слободата и анархијата или пак недоволното воспитание и култура на училиштето генерално. Поради ова, мал дел од резултатите добиени со истражувањето врз основа на изјави од родителите вршат споредба помеѓу тоа како е сега и како било некогаш, со тоа што „комунистичкото минато на училиштето" добива убедлива победа. Следи дел од истражувањето кој зборува за промените во образованието[63]:

**Слобода на однесување = Анархија**

- Учениците се слободни во мера поголема од дозволената. Претходно беше незамисливо ученик да врши насилство врз наставник во училиште. Сега одат во училиште како на модна писта – модерни ташни наместо ранци, со црвило, со огледалце наместо тетратка. (татко, 34)
- Носев учебници и тетратки по 13 предмети секој ден. Ако немав темперни боици или моливи за ликовно, тогаш не можев да присуствувам на часот. Сега моите деца одат на училиште со една тетратка за сите предмети. (мајка, 48)
- Демократијата во Бугарија е лажна, привидна. С□ се претвори во анархија, во хаос. Самите родители не се доволно добар пример за своите деца.

**Во училиштата нема униформи**

- Сега повеќе не се носат униформи во училиштата. Сум бил во Шпанија. Во секое училиште има униформи.И тоа не кусо здолниште и кус елек, како за во диско. (татко, 30)
- Во мое време, на часовите носевме целосна униформа со кравата. Косите ни беа уредно собрани во кок. Не ни беше дозволено да влеземе во училиште со неуредни или лакирани нокти. А сега, не можеш да ги разликуваш децата од наставниците. (мајка,

[63] Преземено на 16.08.2014, http://www.see-educoop.net/aeiq/documents/parents/fg/bulgaria-fg.pdf.

31)

**Родителите се недоволно вклучени во животот на ученикот**

- Децата растат во близина на своите родители, но не со нив. Тие не се заедно. Не се сите родители подеднакво одговорни. Тоа е и најголемата тешкотија за училиштето, затоа што родителот којшто е вклучен во животот на детето, е вклучен и во животот на ученикот (односно училишниот живот на детето). (татко, 40)

Се разбира, ваквите изјави на родителите се очекувани, поради тоа што доста позната е носталгијата по „моето време", и изјавите за тоа како работите биле многу подобри во нивното време одошто во ова време, сега. Меѓутоа, не можеме да ги занемариме фактите што тие ги наведуваат. Нивните изјави не содржат само носталгија по старото и незадоволство од новото, туку содржат и факти за минатото и за сегашноста. Свесни сме дека и во минатото училиштето било во една крајност, односно било традиционално училиште, а сега во нашето време е пак, наместо во современо, тоа преоѓа во анархија. И свесни сме за предностите и на двете крајности, меѓутоа би било нереално доколку овие две крајности ги мериме со исто мерило. Традиционалното училиште, можеби и не би требало да се нарекува крајност, но тоа го земаме како контраст на современото училиште. Тука фактите говорат за воспитната функција на училиштето во минатото и денес. Не можеме да негираме дека училиштето ја вршело својата воспитна функција во минатото, додека денес тоа се помалку и помалку успева да ја оствари својата воспитна функција. Фактот дека учениците пред с□ имаат „слобода" да дојдат на училиште како тие сакаат, да пишуваат во каква било тетратка, да се однесуваат со наставниците онака како тие сакаат говори за тоа колку состојбата „избегала од контрола". Фактите даваат јасна слика, дека училиштето со својата воспитна функција носи тешки последици за понатамошниот живот на ученикот во општеството.

Од добиените податоци на овие истражувања, можеме да заклучиме дека современото училиште има проблем со воспоставувањето на рамнотежа помеѓу воспитната и образовната компонента. Се повеќе се зборува за пренагласување на квантитетот, за ерозијата на моралот и слично. Свеста за ова поттикнало да се направат многу промени, меѓуто се досега промените не резултирале со позитивни ефекти.Тоа е најверојатно поради непромисленото спроведување, или краткорочно планирање.

# II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на ова истражување се промените и тенденциите во современото училиште од аспект на реализација на воспитната функција.

## 2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од предметот на истражување произлегува и целта на истражувањето.

ОПШТА ЦЕЛ

Целта на ова истражување е да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците и родителите по однос на промените и тенденциите во современото училиште за остварување на воспитната функција.

ПОСЕБНИ ЦЕЛИ

- Да се утврдат промените кои се направени по однос на поставеноста и функцијата на одделенскиот раководител во основното училиште.
- Да се утврдат придобивките од имплементацијата на проектот животни вештини по однос на реализација на воспитните задачи на училиштето.
- Да се утврдат промените по однос на воведувањето на етиката како наставен предмет и нејзиното значење за подигнување на воспитната функција на училиштето.
- Да се утврдат промените по однос на школата за родители и нејзиното значење за реализација на воспитната функција на училиштето.

## 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во согласност со дефинираните цели ги поставивме и задачите на ова истражување:

- Да се истражат промените и тенденциите кои влијаат на реализација на воспитната функција.
- Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците и родителите по однос на реализација на воспитната функција на училиштето.
- Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците и родителите по однос на улогата на одделенскиот раководител и неговото значење за реализација на воспитните задачи на училиштето.
- Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците и родителите за значењето на воведувањето на етиката како наставен предмет во функција на остварување на воспитната задача во училиштето.
- Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците и родителите по однос на проектот животни вештини и неговото значење за реализација на воспитната функција на училиштето
- Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците и родителите за значењето на соработката на семејството и школата за родители во подигнување на воспитната функција на училиштето.

## 4. ХИПОТЕЗИ

### ОПШТА ХИПОТЕЗА

Современото училиште не ја остварува во доволна мера воспитната функција.

### ПОСЕБНИ ХИПОТЕЗИ

- Х0: Во современото училиште се забележуваат промени и современи тенденции кои се во функција на подигнување на неговата воспитна функција.
- Х1: Наставниците сметаат дека училиштето во доволна мера ја остварува воспитната функција.
- Х2: Родителите сметаат дека училиштето не ја остварува во доволна мера воспитната функција.
- Х3: Родителите сметаат дека одделенскиот раководител во доволна мера ги остварува воспитните задачи.

- X4: Наставниците сметаат дека одделенскиот раководител во доволна мера ги остварува воспитните задачи.
- X5: Наставниците сметаат дека етиката позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.
- X6: Родителите сметаат дека етиката позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.
- X7: Наставниците сметаат дека треба да се подобри соработката со родителите.
- X8: Родителите сметаат дека соработката со наставниците е добра.
- X9: Родителите сметаат дека програмата „Животни вештини" позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.
- X10: Наставниците сметаат дека програмата „Животни вештини" позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.

## 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова истражување, зависна варијабла се ставовите и мислењата на наставниците, ставовите и мислењата на родителите и воспитната фунција на училиштето. Независни варијабли се етиката, одделенскиот раководител, програмата „Животни вештини" и школата за родители.

## 6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова истражување беше применет дескриптивен метод, метод на анализа и метод на генерализација преку кои се изврши опишување, објаснување, споредување и генерализирање на појавите од предметот на истражување.

### ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Согласно задачите, во ова истражување беа применети следните техники на истражување:

- Анкетирање
- Скалирање
- Интервјуирање

**Анкетирањето и скалирањето** беа применети со цел да се осознаат и утврдат ставовите на наставниците и родителите во однос на променит во современото училиште и реализацијата на воспитната функција. Анкетирани беа наставниците и родителите. Анкетирањето беше анонимно за добивање на поверодостојни одговори од страна на испитаниците.

**Интервјуирањето** има каратеристика на неструктурирано и индиректно интервју. Интервјуирани беа стручните соработници од училиштата со цел да се дојде до подетални информации за промените во современото училиште.

## ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Инструменти кои беа користени во истражувањето се следните:

- Анкета и ликертова скала наменети за наставници
- Анкета и ликертова скала наменети за родители
- Неструктурирано интервју, наменето за директори и стручни соработници

*Анкетата и ликертовата скала наменети за наставници* се наменети за испитување и утврдување на мислењата и ставовите на наставниците за промените во современото училиште и реализацијата на воспитната функција. Анкетата е составена од 10 прашања, а Ликертова скала на проценка е составена од 16 изјави.

*Анкетата и ликертовата скала наменети за родители* се наменети за испитување и утврдување на мислењата и ставовите на родителите за промените во современото училиште и реализацијата на воспитната функција. Анкетата е составена од 9 прашања, а Ликертова скала на проценка е составена од 15 изјави.

*Протокол за неструктурирано интервјуирање* наменет за директори и стручни соработници содржи одредени теми на коишто се разговараше со стручните соработници, а кои служеа само како насоки во текот на итнервјуирањето. Целта беше да се дојде до подетални информации за промените и тенденциите во современото училиште.

## 7. ПРИМЕРОК НА ИСПИТАНИЦИ

Примерокот на испитаници го сочинуваат:

- Едноставен случаен примерок на наставници кои го сочинуваат 120 наставници од I до IX одделение, од четири училишта;

- Едноставен случаен римерок на родители кои го сочинуваат 120 родители на ученици на возраст од I до IX одделение од четири училишта.

- Примерок на стручни соработници кои го сочинуваат 4 стручни соработници, по еден од секое училиште.

## 8. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето започна со избор на истражувачки проблем, а со тоа и изготвување на идеен проект. Потоа следеше спроведување на теренскиот дел на истражувањето, односно анкетирање и интервјуирање. Откако беа собрани потребните податоци со истражувањето, се изврши обработка на податоците, анализа и интерпретација.

## 9. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

За статистичката обработка на податоците, прво се изврши сигнирање и групирање. Потоа се направи дистрибуција на фреквенција и пресметување процент. Потоа следеше табеларно и графичко прикажуваење на податоците. За статистичката обработка на податоците се користеше програма SPSS (Statistical Package for Social Sciences).

# III. ОБРАБОТКА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ ПРАШАЛНИК НАМЕНЕТ ЗА НАСТАВНИЦИ

Со техниката анкетирање, добивме податоци за ставовите на наставниците за промените и тенденциите во современото училиште по однос на остварувањето на воспитната функција.

Анкетниот прашалник е направен за потребите на ова истражување ориентирајќи се според поставените задачи и хипотези. Анкетниот прашалник се состои од анкета и ликертова скала.

Во продолжение следи анализа и интерпретација на добиените резултати од анкетниот прашалник наменет за наставници, кој беше спроведен во четири основни училишта. Податоците се добиени со пополнување на прашалниците од страна 120 наставници од овие училишта. Анкетирањето беше анонимно.

*Табела 1.:* Училиште во кое предаваат испитаниците

| **Училиште во кое предавате:** | **Фреквенција *f*** | **Процент %** |
|---|---|---|
| Лирија | 30 | 25% |
| Гоце Делчев | 30 | 25% |
| Андреа Савески - Ќиќиш | 30 | 25% |
| Братство Миѓени | 30 | 25% |

Првите две прашања од анкетниот прашалник се со цел да се добијат податоци за училиштето каедшто наставникот предава, и податоци за тоа дали тој е одделенски раководител.

Графикон 1.

Графички приказ на процентуалната застапенот на наставниците од секое училиште.



Во ова истражување секое училиште е застапено со по 30 наставници. Односно, од О. У. Лирија се застапени 30 наставници, односно 25%; од О. У. Гоце Делчев се застапени 30 наставници, односно 25%; од О. У. Андреја Савески – Ќиќиш се застапени 30 наставници, односно 25%; и од О. У. Братство Миѓени се застапени 30 наставници, односно 25%.

*Табела 2.:* Колку од испитаниците се одделенски раководители.

| **Дали сте одделенски раководител** | **Фреквенција *f*** | **Процент %** |
|---|---|---|
| а. Да | 86 | 71,7% |
| б. Не | 33 | 27,5% |

Во ова истражување се застапени 86 одделенски раководители, односно 71,7%, и 22 испитаници, или 27,5%, коишто не се одделенски раководители.

Графикон 2. Графички приказ на процентуалната застапеност на одделенски раководители.




Следат податоците од вториот дел кој се состои од 10 прашања кои ја сочинуваат анкетата на овој прашалник.

1) **Според Ваше мислење колку училиштето ја реализира својата воспитна функција.**

*Табела 3.* Ставови на наставниците по прашање на реализацијата на воспитната функција на современото училиште.

| **1. Според Ваше мислење колку училиштето ја реализира својата воспитна функција:** | **Фреквенција *f*** | **Процент %** |
|---|---|---|
| а. Доволно ја реализира | 91 | 75,8% |
| б. Делумно ја реализира | 28 | 23,3% |
| в. Воопшто не ја реализира | 0 | 0% |
| г. Неодговорени | 1 | 0,9% |

Според податоците добиени за ова прашање, 91 од испитаниците, или 75,8%, сметаат дека училиштето доволно ја реализира воспитната функција. 28 од испитаниците, или 23,3%, сметаат дека училиштето делумно ја реализира воспитната функција. Ниту еден наставник не смета дека училиштето воопшто не ја реализира воспитната функција. Само еден наставник, или 0,9%, не дал одговор на ова прашање.

Графикон 3. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Податоците покажуваат дека поголем процент од наставниците сметаат дека училиштето доволно ја реализира својата воспитна функција, што ја потврдува втората хипотеза X1, која гласи: *Наставниците сметаат дека училиштето во доволна мера ја остварува воспитната функција.*

2) **Сметам дека училиштето, онакво какво што е денес:**

*Табела 4.* Ставови на наставниците по прашање на способноста на училиштето да го воспита ученикот.

| 2. Сметам дека училиштето, онакво какво што е денес: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|
| а. Може да го воспита детето да стане зрела личност без додатна помош | 18 | 15% |
| б. Може да го воспита детето да стане зрела личност со голема помош од родителите | 101 | 84,20% |
| в. Не може воопшто да го воспита детето да стане зрела личност | 1 | 0,80% |
| г. Неодговорени | 0 | 0% |

Според добиените одговори, 18 испитаници (15%) сметаат дека училиштето може да го воспита ученикот да стане зрела личност без додатна помош. 101 од наставниците (84,20%) сметаат дека училиштето може да го воспита ученикот да стане

зрела личност со голема помош од родителите. 1 наставник, или 0,80%, смета дека училиштето воопшто не може да го воспита ичеников во зрела личност. На ова прашање сите 120 наставници дале одговор.

Графикон 4. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Добиените податоци покажуваат дека поголем дел од наставниците сметаат дека училиштето може да го воспита ученикот во зрела личност со голема помош од родителите.

3) **Одделенскиот раководител:**

*Табела 5.* Ставови на наставниците за улогата на одделенскиот наставник врз воспитанието на учениците.

| 3. Одделенскиот раковоцител: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|
| а. Во голема мера влијае врз воспитанието на учениците | 80 | 66,70% |
| б. Делумно влијае врз воспитанието на учениците | 37 | 30,80% |
| в. Воопшто не влијае врз воспитанието на учениците | 2 | 1,70% |
| г. Неодговорени | 1 | 0,80% |

На ова прашање 80 наставници, или 66,7%, одговориле дека одделенскиот раководител во голема мера влијае врз воспитанието на учениците, додека 37 наставници или 30,8%, одговориле дека одделенскиот раководител делумно влијае врз воспитанието на учениците. Само 2 од наставниците или 1,7% одговориле дека

одделенскиот раководител воопшто не влијае врз воспитанието на учениците, а само 1 наставник или 0,8% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 5. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




На ова прашање, поголем процент од испитаниците одговориле дека одделенскиот раководител во голема мера влијае врз воспитанието на учениците.

4) **Јас, како наставник, повеќе се грижам за тоа:**

*Табела 6.* Ориентираноста на наставниците по однос на образованието и воспитанието на учениците.

| 4. Јас, како наставник, повеќе се грижам за тоа: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|
| а. Учениците да се стекнат со образование | 5 | 4,20% |
| б. Учениците да се стекнат со воспитание | 3 | 2,50% |
| в. Учениците подеднакво да се стекнат со образование и воспитание | 112 | 93,30% |
| г. Неодговорени | 0 | 0% |

Од податоците се гледа дека 5 наставници или 4,20% дале одговор дека се грижат учениците да се стекнат со образование, додека 3 од нив или 2,5% дале одговор дека се грижат за учениците да се стекнат со воспитание. Дури 112 од испитаниците или 93,3% одговориле дека подеднакво се грижат за учениците да се стекнат со образование и воспитание. Сите наставници дале одговор на ова прашање.

Графикон 6. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Според добиените одговори се гледа дека поголем дел од наставниците се ориентирани и кон образованието и кон воспитанието на учениците.

5) **Сметам дека етиката е:**

*Табела 7.* Ставови на наставниците по однос на етиката.

| **5. Сметам дека етиката е:** | **Фреквенција *f*** | **Процент %** |
|---|---|---|
| а. Добар начин на којшто детето почнува да размислува и учи за доброто и трајните вредности | 63 | 52,20% |
| б. Предмет којшто остава позитивни и трајни влијанија врз развојот на личноста на детето | 45 | 37,50% |
| в. Предмет којшто само дополнително ги оптоварува учениците | 8 | 6,70% |
| г. Друго | 1 | 0,80% |
| д. Неодговорени | 3 | 2,80% |

Од добиените одговори се гледа дека 63 од испитаниците или 52,2% одговориле дека етиката е добар начин на којшто детето размислува и учи за доброто и трајните вредности, 45 испитаници или 37,5% одговориле дека етиката е предмет којшто остава позитивни и трајни влијанија врз развојот на личноста на детето, 8 испитаници или 6,7%, сметаат дека етиката е предмет којшто дополнително ги оптоварува учениците. Само 1 испитаник или 0,8% одговорил дека етиката е предмет којшто се учи дома, и 3 или 2,8% од испитаниците не дале одговор на ова прашање.

Графикон 7. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Од податоците се гледа дека поголем дел од наставниците сметаат дека етиката е добар начин на којшто детето почнува да размислува за доброто и трајните вредности и дека таа е предмет којшто остава позитивни и трајни влијанија врз развојот на личноста на детето. Ова ја потврдува хипотезата Х5, која гласи: Наставниците и родителите сметаат дека етиката позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.

6) **Според Ваше мислење, кои содржини кои се обработуваат на часот по етика се посебно значајни од аспект на воспитанието на личноста?**

Податоците од ова прашање ги обработивме така што ги групиравме добиените одговори, а резултатот изгледа вака:

*Табела 8.* Ставови на наставниците по однос на содржините од етиката.

| **8. Според Ваше мислење, кои содржини кои се обработуваат на часот по етика се посебно значајни од аспект на воспитанието на личноста:** | **Фреквенција *f*** | **Процент %** |
|---|---|---|
| а. Содржини кои се однесуваат на етиката, моралот, доброто однесување | 36 | 30% |
| б. Сите содржини | 7 | 5,8% |
| в. Етиката е обемен предмет и еден час не може да го смени ученикот. | 3 | 2,5% |
| г. Неодговорени | 74 | 61,7% |

36 испитаници или 30% одговориле дека содржините од етиката кои се посебно значајни за воспитанието на личноста се оние содржини кои се однесуваат на учењето за етиката, моралот и доброто однесување. 7 испитанили или 5,8% одговориле дека сите содржини се од посебно значење за воспитанието на ученикот. 3 испитаници или 2,5% одговориле дека етиката е обемен предмет и еден час не може да го смени ученикот, и 74 испитаници или 61,7% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 8. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Од процентуалната распределба, забележуваме дека најголем број од испитаниците не дале одговор на ова прашање, што може да се должи на нивната незапознаеност со содржините по етика. Од оние кои дале одговро, најголем број одговориле дека содржините кои се обработуваат на часот по етика, а се од посебно значење од аспект на воспитанието на личноста, се оние кои се однесуваат на учењето за етиката, моралот и доброто однесување.

### 7) **Сметам дека програмата „Животни вештини“ е:**

*Табела 9.* Ставови на наставниците по однос на проектот „Животни вештини“.

| **7. Сметам дека проектот „Животни вештини“ е:** | **Фреквенција *f*** | **Процент %** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| а. Многу потребен и значаен за реализацијата на воспитната работа на училиштето | 45 | 37,50% |
| б. Делумно е потребен и значаен за реализацијата на воспитната работа во училиштето | 63 | 52,50% |
| в. Воопшто не е потребен и значаен за реализацијата на воспитната работа во училиштето | 8 | 6,70% |
| г. Неодговорени | 4 | 3,30% |

Од добиените податоци може да видиме дека 45 испитаници или 37,5% одговориле дека проектот е многу потребен и значаен за реализацијата на воспитната работа на училиштето, додека 63 испитаници или 52,5% сметаат дека проектот е делумно потребен и значаен за реализацијата на воспитната работа во училиштето. Само 8 од испитаниците или 6,7% сметаат дека проектот „Животни вештини" воопшто не е потребен и значаен за реализацијата на воспитната работа во училиштето, а само 4 испитаници или 3,3% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 9. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта




Поголем дел од испитаниците односно 52,5% одговориле дека проектот програмата „Животни вештини" е делумно потребна и значајна за реализација на воспитната работа на училиштет.

8) **Според Ваше мислење, како го проценувате значењето на програмата „Животни вештини" и неговата реализација за време на одделенскиот час:**

Според истиот принцип за обработка на податоци од прашање 6, односно со групирање на одговорите, ги обработивме и овие податоци. Резултатите се следни:

*Табела 10.* Ставови на наставниците по однос на значењето на програмата „Животни вештини".

| **8. Според Ваше мислење, како го проценувате значењето на програмата „Животни вештини" и неговата реализација на време на одделенскиот час:** | **Фреквенција *f*** | **Процент %** |
|---|---|---|
| а. Програмата е од огромно значење, и одделенскиот час е добро искористен | 49 | 40,8% |
| б. Програмата е делумно значајна, затоа што има обемни и несоодветни содржини | 21 | 17,5% |
| в.Програмата треба да се исфрли од редовна настава затоа што се губи значењето на оддделенскиот час | 5 | 4,5% |
| г. Неодговорени | 45 | 37,5% |

49 испитаници или 40,8% одговориле дека програмата „Животни вештини" е од огромно значење, и одделенскиот час е добро искористен. 21 испитаник или 17,5% изјавиле дека програмата е делумно значајна, затоа што има обемни и несоодветни содржини. 5 испитаници или 4,5% одговориле дека програмата треба да се исфрли од редовна настава затоа што се губи значењето на одделенскиот час. 45 испитаники или 37,5% не одговориле на ова прашање.

Графикон 10. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта




Од процентуалната распределба забележуваме дека најголем број испитаници одговориле дека значењето на програмата „Животни вештини“ е огромно, и одделенскиот час е добро искористен. Оние испитаници кои не дале одговор на ова прашање се во малку помал број од првите.

9) **Родителите најчесто се информираат за своите деца:**

*Табела 11.* Начин на којшто родителите се информираат за своите деца.

| 9. Родителите најчесто се информираат за своите деца: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|
| а. Преку телефон | 9 | 7,50% |
| б. Доаѓаат на групните родителски средби | 65 | 54,20% |
| в. Претпочитаат да доаѓаат само на индивидуалните средби | 17 | 14,20% |
| г. Друго | 12 | 19,20% |
| д. Неодговорени | 6 | 4,90% |

Од податоците може да забележиме дека 9 од испитаниците или 7,5% одговориле дека родителите за своите деца се информираат преку телефон, додека 65 испитаници или 54,2% одговориле дека родителите доаѓаат на групните родителски средби, а 17 испитаници или14,2% одговориле дека родителите доаѓаат на индивидуалните средби. 12 испитаници или 19,2 ги навеле сите понудени одговори и одговориле дека се информираат и преку е-дневник и смс пораки.

Графикон 11. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Најголем број од наставниците, односно повеќе од 50%, одговориле дека родителите најчесто доаѓаат на групните родителски средби за да се информираат за своите деца.

10) **Родителите, кога се повикани на групна родителска средба, учествуваат:**

*Табела 12.* Ставови на наставниците за подготвеноста на соработка на родителите.

| **10. Родителите, кога се повикани на групна родителска средба, учествуваат:** | **Фреквенција *f*** | **Процент %** |
|---|---|---|
| а. Секогаш | 100 | 83,30% |
| б. Ретко | 14 | 11,70% |
| в. Никогаш | 0 | 0% |
| г. Неодговорени | 6 | 5% |

Од испитаниците, 100 или 83,3% одговориле дека родителите секогаш учествуваат на групна родителска средба, 14 испитаници или 11,7% одговориле дека родителите ретко учествуваат, додека пак ниту еден испитаник не изјавил дека родителите никогаш не доаѓаат на групни родителски средби. 6 од испитаниците или 5% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 12. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Поголем дел од наставниците одговориле дека родителите секогаш учествуваат на групните родителски средби, што покажува дека наставниците сметаат дека родителите се подготвени за соработка.

Следните 16 тврдења, го сочинуваат третиот дет на прашалникот кој се состои од Ликертова скала.

*Табела 13.* Ставови на наставниците по однос на промените и тенденциите и нивното влијание врз современото училиште од аспект на реализација на воспитната функција.

| **Тврдења** | **Воопшто не се согласувам** | | **Воглавно не се согласувам** | | **Воглавно се согласувам** | | **Потполно се согласувам** | | **Неодговорени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* |
| **1. Во училиштето постојано треба да се внесуваат промени.** | 8 | 6.7% | 22 | 18.3% | 66 | 55% | 22 | 18.3% | 2 | 1.7% |
| **2. Современото училиште ја остварува својата воспитна функција.** | 3 | 2.5% | 15 | 12.5% | 67 | 55.8% | 32 | 26.7% | 3 | 2.5% |
| **3. Улогата на одделенскиот раководител е подобрена** | 3 | 2.5% | 25 | 20.8% | 54 | 45% | 34 | 28.3% | 4 | 3.4% |
| **4. Одделенскиот раководител ја реализира неговата воспитна функција.** | 3 | 2.5% | 1 | 0.8% | 48 | 40% | 63 | 52.5% | 5 | 4.2% |
| **5. Преку проектот „Животни вештини“** | 4 | 3.3% | 21 | 17.5% | 53 | 44.2% | 39 | 32.5% | 3 | 2.5% |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **учениците се здобиваат со основните социјални, интелектуални и емоционални вештини.** | | | | | | | | | | |
| **6. Проектот „Животни вештини“ им помага на учениците да станад здрави, независни и зрели личности.** | 5 | 4.2% | 24 | 20% | 55 | 45.8% | 32 | 26.7% | 4 | 3.3% |
| **7. Одделенскиот раководител е компетентен да го предава проектот „Животни вештини“.** | 2 | 1.7% | 27 | 22.5% | 39 | 32.5% | 48 | 40% | 4 | 3.3% |
| **8. Етиката е потребна во училиштето, затоа што му помага на ученикот да се изгради како личност.** | 3 | 2.5% | 21 | 17.5% | 60 | 50% | 34 | 28.3% | 2 | 1.7% |
| **9. Некои ученици добиваат воспитание само во училиштето.** | 3 | 2.5% | 21 | 17.5% | 52 | 43.3% | 40 | 33.3% | 4 | 3.4% |
| **10. Воспитувањето на детето е обврска на родителите, а не на наставниците.** | 21 | 17.5% | 48 | 40% | 32 | 26.7% | 13 | 10.8% | 6 | 5% |
| **11. Школата за родители е успешен проект.** | 8 | 6.7% | 29 | 24.2% | 60 | 50% | 17 | 14.2% | 6 | 4.9% |
| **12. Родителите недоволно соработуваат со училиштето.** | 6 | 5% | 37 | 30.8% | 60 | 50% | 12 | 10% | 5 | 4.2% |
| **13. Соработката со родителите која се одвива** | 0 | 24% | 62 | 51.7% | 62 | 51.7% | 30 | 25% | 4 | 3.3% |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **во нашето училиште ја потпомага воспитната функција на училиштето.** | | | | | | | | | | |
| **14. Родителите најчесто не ги посетуваат заедничките средби.** | 30 | 25% | 41 | 34.2% | 38 | 31.7% | 5 | 4.2% | 6 | 4.9% |
| **15. Родителите ги преферираат индивидуалните средби.** | 5 | 4.2% | 33 | 27.5% | 60 | 50% | 19 | 15.8% | 3 | 2.5% |
| **16. Сметам дека родителите повеќе се грижат за образованието на детето, одошто се грижат за неговото воспитание.** | 5 | 4.2% | 19 | 15.8% | 57 | 47.5% | 37 | 30.8% | 2 | 1.7% |

**Тврдење бр. 1. Во училиштето постојано треба да се внесуваат промени.**

За ова тврдење, 8 од испитаниците или 6,7% одговориле дека воопшто не се согласуваат дека во училиштето постојано треба да се внесуваат промени, сс испитаници или 18,3% изјавиле дека воглавно не се согласуваат со ова тврдење, 66 испитаници или 55% изјавиле дека воглавно се согласуваат. Со ова тврдење, потполно се согласуваат 22 испитаници или 18,3%, а 2 испитаници или 1,7% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 13. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Добиените податоци покажуваат дека поголем дел од наставниците, што е повеќе од 50% воглавно се согласуваат дека во училиштето постојано треба да се внесуваат промени.

**Тврдење бр. 2. Современото училиште ја остварува својата воспитна функција.**

Со ова тврдење, 3 испитници или 2,5% воопшто не се согласуваат, 15 испитаници или 12,3% воглавно не се согласуваат, 67 испитаници или 55,8% воглавно се согласуваат и 32 или 26,7% потполно се согласуваат. На ова тврдење 3 испитаници или 2,5% не дале одговор.

Графикон 14. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Од добиените податоци, може да се увиди дека подолем дел од испитаниците односно 55,8% воглавно се согласуваат со тврдењето дека училиштето ја остварува својата воспитна функција, додека пак 26,7% потполно се согласуваат со ова тврдење. Тоа сочинува 82,5% од испитаниците, што ја потврдува хипотезата X1, која гласи:

Наставниците сметаат дека училиштето во доволна мера ја остварува својата воспитна функција.

**Тврдење 3. Улогата на одделенскиот раководител е подобрена.**

Со ова тврдење, воопшто не се согласуваат 3 испитаници или 2,5%, воглавно не се согласуваат 25 испитаници или 20,8%, воглавно се согласуваат 54 испитаници или 45%, и потполно се согласуваат 34 испитаници или28,3%. 4 испитаници или 3,4% не дале одговор за ова тврдење.

Графикон 15. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Од добиените податоци, се гледа дека поголем дел од испитаниците воглавно се согласуваат со тврдењето дека улогата на одделенскиот раководител е подобрена.

**Тврдење 4. Одделенскиот раководител ја реализира неговата воспитна функција.**

Со ова тврдење, 3 или 2,5% воопшто не се согласуваат, 1 испитаник или 0,8% воглавно не се согласуваат, 48 испитаници или 40% воглавно се согласуваат, додека пак 63 испитаници или 52,5% потполно се согласуваат. 5 од испитаниците или 4,2% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 16. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Од добиените податоци се забележува дека поголем дел од испитаниците сметаат дека одделенскиот раководител ја реализира неговата воспитна функција. Ова ја потврдува хипотезата Х3, која гласи: Родителите сметаат дека одделенскиот раководител во доволна мера ги остварува воспитните задачи.

**Тврдење 5. Преку програмата „Животни вештини" учениците се здобиваат со основните социјални, интелектуални и емоционални вештини.**

Со ова тврдење, 4 испитаници или 3,3% воопшто не се согласуваат, 21 испитаник или 17,5% воглавно не се согласуваат, 53 испитаници или 44,2% воглавно се согласуваат и 39 испитаници или 32,5% потполно се согласуваат. На ова прашање 3 испитаници или 2,5% не дале одговор.

Графикон 17. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Податоците добиени од истражувањето покажуваат дека најголем број од наставниците воглавно се согласуваат со тврдењето дека учениците се здобиваат со

основните социјални, интелектуални и емоционални вештини преку програмата „Животни вештини“, што ја потврдува хипотезата Х10, која гласи: Наставниците сметаат дека програмата „Животни вештини“ позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.

**Тврдење 6. Програмата „Животни вештини“ им помага на учениците да станат здрави, независни и зрели личности.**

Податоците добиени од ова истражување покажуваат дека 5 испитаници или 4,2% воопшто не се согласуваат со ова тврдење, 24 испитаници или 20% воглавно не се согласуваат, 55 испитаници или 45,8% воглавно се согласуваат и 32 испитаници или 26,7% потполно се согласуваат. На ова прашање 4 испитаниви или 3,3% не дале одговор.

Графикон 18. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Добиените податоци покажуваат дека најголем број од испитаниците воглавно се согласуваат со тврдењето дека програмата „Животни вештини“ им помага на учениците да станат здрави, независни и зрели личности, што уште еднаш ја потврдува хипотезата Х10: Наставниците сметаат дека проектот животни вештини позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.

**Тврдење 7. Одделенскиот раководител е компетентен да го предава проектот „Животни вештини“.**

Со ова тврдење воопшто не се согласуваат 2 од испитаниците или 1,7%, воглавно не се согласуваат 27 испитаници или 22,5%, воглавно се согласуваат 39 испитаници или

32,5%, а потполно се согласуваат 48 испитаници или 40 %. 4 од испитаниците или 3,3% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 19. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




За ова тврдење поголем дел од испитаниците одговориле дека потполно се согласуваат со него, односно 40% од испитаниците сметаат дека одделенскиот раководител е компетентен да ја предава програмата „Животни вештини“.

**Тврдење 8. Етиката е потребна во училиштето, затоа што му помага на ученикот да се изгради како личност.**

Со ова тврдење, воопшто не се согласуваат 3 испитаници или 2,5%, воглавно не се согласуваат 21 испитаник или 17,5%, воглавно се согласуваат 52 испитаници или 43,3% а потполно се согласуваат 40 испитаници или 33,3%. На ова прашање 4 испитаници или 3,4% не дале одговор.

Графикон 20. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.



Со ова тврдење 50% од испитаниците воглавно се согласуваат, а 28,3% потполно се согласуваат, што ја потврдува хипотезата Х5, која гласи: Наставниците сметаат дека етиката позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.

**Тврдење 9. Некои ученици добиваат воспитание само во училиштето.**

Со ова тврдење, 3 од испитаниците или 2,5% воопшто не се согласуваат, 21 испитаник или 17,5% воглавно не се согласуваат, 52 испитаници или 43,3% воглавно се согласуваат, и 40 испитаници или 33,3% потполно се согласуваат. 4 од испитаниците или 3,4% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 21. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




За ова тврдење најмногу од наставниците одговориле дека воглавно и потполно се согласуваат.

**Тврдење 10. Воспитувањето на детето е обврска на родителите, а не на наставниците.**

Според податоците, со ова тврдење 21 испитаник или 17,5% воопшто не се согласуваат, 48 испитаници или 40% воглавно не се согласуваат, 32 испитаници или 26,7% воглавно се согласуваат, и 13 испитаници или 10,8% потполно се согласуваат. За ова прашање 6 испитаници или 5% не дале одговор.

Графикон 22. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Податоците покажуваат дека најголем дел од испитаниците воглавно не се согласуваат со тврдењето дека воспитувањето на детето е обврска на родителите, а не на наставниците.

**Тврдење 11. Школата за родители е успешен проект.**

Добиените резултати покажаа дека 8 од испитаниците или 6,7% воопшто не се согласуваат со ова тврдење. 29 испитаници или 24,2% воглавно не се согласуваат, 60 испитаници или 50% воглавно се согласуваат, и 17 испитаници или 14,2% потполно се согласуваат. 6 испитаници или 4,9% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 23. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Податоците покажуваат дека најголем дел од испитаниците воглавно се согласуваат со тврдењето дека школата за родители е успешен проект.

**Тврдење 12. Родителите недоволно соработуваат со училиштето.**

Со ова тврдење, воопшто не се согласуваат 6 испитаници или 5%. Воглавно не се согласуваат 37 испитаници или 30,8%, воглавно се согласуваат 60 испитаници или

50%, а потплно се согласуваат 12 испитаници или 10%. За ова тврдење 4 од испитаниците или 3,3% не дале одговор.

Графикон 24. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Од графичкиот приказ на одговорите, може да се забележи дека најголем дел од наставниците одговориле дека воглавно се согласуваат со тврдењето дека родителите недоволно соработуваат со училиштето. Ова ја потврдува хипотезата Х7, која гласи: Наставниците сметаат дека треба да се подобри соработката со родителите.

**Тврдење 13. Соработката со родителите која се одвива во нашето училиште ја потпомага воспитната функција на училиштето.**

Ниту еден од испитаниците не одговорил дека воопшто не се согласува со ова тврдење, 24 испитаници или 20% одговориле дека воглавно не се согласуваат, 62 испитаници или 51,7% воглавно се согласуваат, а 30 испитаници или 25% потполно се согласуваат со ова тврдење. 4 испитаници или 3,3% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 25. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Од графичкиот приказ на одговорите може да забележиме дека најголем дел од испитаниците воглавно се согласуваат дека соработката со родителите која се одвива во нивното училиште ја потпомага воспитната функција на училиштето.

**Тврдење 14. Родителите најчесно не ги посетуваат заедничките средби.**

За ова тврдење, 30 испитаници или 25% одговориле дека воопшто не се согласуваат, 41 испитаник или 34,2% одговориле дека воглавно не се согласуваат, 37 испитаници или 31,7% одговориле дека воглавно се согласуваат, а 5 испитаници или 4,2% одговориле дека потполно се согласуваат. За ова тврдење, не се изјасниле 6 испитаници или 4,9%.

Графикон 26. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Од добиените податоци, може да забележиме дека речиси ист број на испитаници одговориле дека воглавно не се согласуваат (34,2%) и воглавно се согласуваат (31,7%).

**Тврдење 15. Родителите ги преферираат индивидуалните средби.**

Со ова тврдење, 5 од испитаниците или 4,2% одговориле дека воопшто не се согласуваат, 33 испитаници или 27,5% одговориле дека воглавно не се согласуваат, 60 од испитаниците или 50% одговориле дека воглавно се согласуваат, и 19 испитаници или 15,8% одговориле дека потполно се согласуваат. Само 3 испитаници или 2,5% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 27. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Со ова тврдење најголем број од испитаниците воглавно се согласуваат.

**Тврдење 16. Сметам дека родителите повеќе се грижат за образованието на детето, одошто се грижат за неговото воспитание.**

Со ова тврдење, 5 испитаници или 4,2% воопшто не се согласуваат, 19 испитаници или 15,8% воглавно не се согласуваат, 57 испитаници или 47,5% воглавно се согласуваат, и 37 испитаници или 30,8% потполно се согласуваат. Од испитаниците, 2 или 1,7% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 28. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на наставниците од четири училишта.




Од графчкиот приказ може да забележиме дека најголем дел од испитаниците одговориле дека воглавно се согласуваат со тврдењето дека родителите повеќе се грижат за образованието на детето, одошто се грижат за неговото воспитание.

## 2. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ ПРАШАЛНИК НАМЕНЕТ ЗА НАСТАВНИЦИ

Со техниката анкетирање што ја применивме за да добиеме податоци за ставовите на наставниците по однос на остварувањето на воспитната функција на училиштето, дојдовме до до сознанија и за ставовите на родителите.

Анкетниот прашалник е направен за потребите на ова истражување ориентирајќи се според поставените задачи и хипотези. Анкетниот прашалник се состои од анкета и ликертова скала.

Во продолжение следи анализа и интерпретација на добиените резултати од анкетниот прашалник наменет за родители, кој беше спроведен во четири основни училишта, односно пополнет од родителите на учениците од истите четири основни училишта. Податоците се добиени со пополнување на прашалниците од страна 120 родителите на учениците од овие училишта. Анкетирањето беше анонимно.

**1) Сметам дека училиштето, онакво какво што е денес:**

*Табела 14.* Ставови на родителите по однос на училиштето од аспект на воспитанието.

| 1. Сметам дека училиштето, онакво какво што е денес: | Фреквенција $f$ | Процент % |
|---|---|---|
| а. Може да го воспита детето да стане зрела личност без дополнителна помош | 14 | 11,7% |
| б. Може да го воспита детето да стане зрела личност со помош на родителите | 92 | 76,7% |
| в. Воопшто не може да го воспита детето да стане зрела личност | 14 | 11,7% |
| г. Неодговорени | 0 | 0% |

Од табелата се гледа, дека на ова прашање 14 испитаници или 11,7% одговориле дека сметаат дека училиштето какво што е денес може да го воспита детето да стане зрела личност без дополнителна помош, 92 испитаници или 76,7% сметаат дека училиштето какво што е денес може да го воспита детето да стане зрела личност со помош на родителите, 14 испитаници или 11,7% сметаат дека училиштето какво што е денес воопшто не може да го воспита детето да стане зрела личност. Сите испитаници дале одговор на ова прашање.

Графикон 29. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од графичкиот приказ на одговорите се гледа дека најголем дел од испитаниците одговориле дека сметаат дека училиштето какво што е денес може да го воспита детето да стане зрела личност со помош на родителите. Ова укажува на тоа дека родителите се свесни за важноста која ја има нивната соработка со училиштето врз воспитанието на учениците.

**2) Училиштето го воспитува моето дете:**

*Табела 15.* Ставови на родителите во однос на воспината функција на училиштето.

| 2. Училиштето го воспитува моето дете: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|
| а. Да биде здрава личност | 83 | 69,20% |
| б. Погрешно го воспитува | 5 | 4,20% |
| в. Не знам | 24 | 20% |
| г. Друго | 6 | 5% |
| д. Неодговорени | 2 | 1,60% |

На ова прашање, 83 од испитаниците или 69,2% одговориле дека училиштето го воспитува нивното дете да биде здрава личност. 5 испитаници или 4,20% сметаат дека училиштето погрешно го воспитува нивното дете. 24 испитаници или 20% одговориле дека не знаат како училиштето го воспитува нивното дете, а 6 испитаници или 5% дале друг одговор, односно одговориле дека новиот начин на воспитување не дава добри резултати како и тоа дека наставниците имаат многу обврски па затоа или не мислат на воспитувањето или не постигнуваат. 2 испитаници или 1,6% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 30. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од графичкиот приказ гледаме дека најголем број од родителите сметаат дека училиштето во воспитува нивното дете да биде здрава личност.

### 3) Одделенскиот раководител:

*Табела 16. Ставови на родителите во однос на одделенскиот раководител.*

| 3. Одделенскиот раководител: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|
| а. Во голема мера влијае врз воспитанието на учениците | 60 | 50% |
| б. Делумно влијае врз воспитанието на учениците | 47 | 39,20% |

| | | |
|---|---|---|
| в. Воопшто не влијае врз воспитанието на учениците | 12 | 10% |
| г. Неодговорени | 1 | 0,80% |

Добиените податоци покажуваат дека 60 испитаници или 50% сметаат дека одделенскиот раководител во голема мера влијае врз воспитанието на учениците, 47 испитаници или 39,2% сметаат дека одделенскиот раководител делумно влијае врз воспитанието на учениците, а 12 испитаници или 10% сметаат дека тој воопшто не влијае врз воспитанието на учениците. Еден испитаник или 0,8% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 31. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Според ова, гледаме дека најголем дел од родителите сметаат дека одделенскиот раководител во голема мера влијае врз воспитанието на ученциите.

### 4) Јас, како родител, повеќе се грижам за тоа:

*Табела 17.* Ставови на родителите во однос на воспитанието и образованието на учениците.

| **4. Јас, како родител, повеќе се грижам за тоа:** | **Фреквенција *f*** | **Процент *%*** |
|---|---|---|
| а. Моето дете да се стекне со висок степен на образование | 5 | 4,20% |
| б. Моето дете да се стекне со воспитание | 1 | 0,80% |
| в. Моето дете подеднакво да се стекне со воспитание и образование | 113 | 94,20% |
| г. Неодговорени | 1 | 0,80% |

Податоците ни покажуваат дека 5 испитаници или 4,2% се изјасниле дека повеќе се гружат нивното дете да се стекне со висок степен на образование, 1

испитаник или 0,8% се изјасниле дека повеќе се грижат нивното дете да се стекне со воспитание, додека 113 или 94,2% изјавиле дека тие повеќе се грижат нивното дете подеднакво да се стекне со воспитание и образование. Само 1 испитаник или 0,8% не дал одговор на ова прашање.

Графикон 32. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од графичкиот приказ гледаме дека најголем број од родителите сметаат дека за нивното дете подеднакво важни се и воспитанието и образованието.

## 5) Сметам дека етиката е:

*Табела 18.* Ставови на родителите во однос на етиката

| **5. Сметам дека етиката е:** | **Фреквенција *f*** | **Процент %** |
|---|---|---|
| а. Добар начин на којшто детето почнува да размислува и да учи за доброто и трајните вредности | 72 | 60% |
| б. Предмет којшто ја буди свеста за себе кај учениците | 8 | 6,70% |
| в. Предмет којшто остава позитивни и трајни влијанија врз развојот на личноста на детето | 26 | 21,70% |
| г. Предмет којшто само дополнително го заморува детето | 11 | 9,20% |
| д. Друго | 1 | 0,80% |
| ѓ. Неодговорени | 2 | 1,60% |

На ова прашање, 72 испитаници или 60% одговориле дека сметаат дека етиката е добар начин на којшто детето почнува да размислува и да учи за доброто и трајните вредности. 8 испитаници или 6,7% одговориле дека сметаат дека етиката е предмет

којшто ја буди свеста за себе кај учениците. 26 испитаници или 21,7% сметаат дека етиката е предмет којшто остава позитивни и трајни влијанија врз развојот на личноста на детето, а 11 испитаници или 9,2% сметаат дека етиката е предмет којшто само дополнително го заморува детето. Еден испитаник или 0,8% одговорил дека етиката не треба да се изучува како предмет, туку треба да биде проткајан низ воспитниот процес во училиштето. на ова прашање, 2 испитаници или 1,6% не дале одговор.

Графикон 33. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од графичкиот приказ гледаме дека најголем број од родителите сметаат дека етиката е добар начин на којшто детето почнува да размислува и да учи за доброто и трајните вредности. Ова ја потврдува хипотезата Х6, која гласи: *Родителите сметаат дека етиката позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.*

**6) Сметам дека содржините кои се обработуваат на часот по етика:**

*Табела 19.* Ставови на родителите во однос насодржините по етика

| 6. Сметам дека содржините кои се обработуваат на часот по етика: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|
| а. Се релевантвни за реалниот живот | 62 | 51,70% |
| б. Не се релевантни за реалниот живот | 10 | 8,30% |
| в. Не сум запознаен/а со содржините | 45 | 37,50% |
| г. Друго | 2 | 1,70% |
| д. Неодговорени | 1 | 0,80% |

На ова прашање, 62 испитаници или 51,7% сметаат дека содржините кои се обработуваат на часот по етика се релевантни за реалниот живот, 10 испитаници или 8,3% сметаат дека не се релевантни за реалниот живот, 45 испитаници или 37,5% одговориле дека не се запознаени со содржините, а 2 испитаници или 1,7% одговориле дека содржините се делумно релевантни. Еден испитаник или 0,8% не дал одговор на ова прашање.

Графикон 34. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Поголем дел од испитаниците одговориле дека според нив содржините кои се обработуваат на часот по етика се релевантни за реалниот живот, што ја потврдува хипотезата Х6, која гласи: Родителите сметаат дека етиката позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.

### 7) Сметам дека програмата „Животни вештини“ е:

*Табела 20.* Ставови на родителите во однос на програмата „Животни вештини“.

| 7. Сметам дека проектот „Животни вештини“ е: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| а. Доста потребна во севкупната работа на училиштето | 89 | 74,20% |
| б. Сосема непотребна во севкупната работа на училиштето | 17 | 14,20% |
| в. Друго | 7 | 5,80% |
| г. Неодговорени | 7 | 5,80% |

Податоците за ставовите по однос на програмата „Животни вештини" се следни: 89 испитаници или 74,2% сметаат дека програмата е доста потребна во севкупната работа на училиштето, 17 испитаници или 14,2% сметаат дека програмата е сосема непотребна во севкупната работа на училиштето. 7 испитаници или 5,8% одговориле дека не се запознаени со програмата, и 7 испитаници или 5,8% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 35. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Најголем дел од роситeлите одговориле дека програмата „Животни вештини" ја сметаат за доста потребна во севкупната работа на училиштето, што ја потврдува хипотезата Х9: *Родителите сметаат дека програмата животни вештини позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција.*

### 8) Со програмата „Животни вештини" моето дете учи вештини кои:

*Табела 21.* Ставови на родителите во однос на вештините кои се изучуваат со „Животни вештини".

| 8. Со програмата „Животни вештини“ моето дете учи вештини кои: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|
| а. Ги применува во реалниот живот | 83 | 69,20% |
| б. Не ги применува во реалниот живот | 19 | 15,80% |
| в. Друго | 11 | 9,20% |
| г. Неодговорени | 7 | 5,80% |

Податоците покажуваат дека 83 испитаници или 69,2% изјавиле дека преку програмата „Животни вештини“ нивното дете учи вештини кои ги применува во реалниот живот, а 19 испитаници или 15,8% изјавиле дека нивното дете учи вештини кои не ги применува во реалниот живот. 11 од испитаниците или 9,2% дале друг одговор, односно изјавиле дека не се запознаени, а 7 испитаници или 5,8% не одговориле на ова прашање.

Графикон 36. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Најголем дел од родителите сметаат дека нивното дете вештините кои ги учи со програмата „Животни вештини“ ги применува во реалниот живот. Ова ја потврдува хипотезата Х9, која гласи: Родителите сметаат дека програмата „Животни вештини“ позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.

### *9)* За моето дете најчесто се информирам:

*Табела 22.* Начин на којшто родителите се информираат за своите деца.

| 9. За моето дете, најчесто се информирам: | Фреквенција *f* | Процент % |
|---|---|---|
| а. Преку телефон | 6 | 5% |
| б. Претпочитам да доаѓам само на групни родителски средби | 65 | 54,20% |
| в. Претпочитам да доаѓам само на индивидуални средби | 26 | 21,70% |

| | | |
|---|---|---|
| г. Друго | 21 | 17,50% |
| д. Неодговорени | 2 | 1,6% |

Од добиените податоци, гледаме дека 6 испитаници или 5% одговориле дека за нивното дете се информираат преку телефон, 65 испитаници или 54,2% одговориле дека претпочитаат да доаѓаат само на групните родителски средби, 26 испитаници или 21,7% одговориле дека претпочитаат да доаѓаат само на индивидуалните средби, а 21 испитаник или 17,5% одговориле дека се информираат на сите три начини како и преку е-дневник и смс. На ова прашање не одговориле 2 испитаници или 1,6%.

Графикон 37. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Следните 15 тврдења, го сочинуваат третиот дет на прашалникот кој се состои од Ликертова скала.

Графикон 38. Ставови на родителите по однос на промените и тенденциите и нивното влијание врз современото училиште од аспект на реализација на воспитната функција.

| **Тврдења** | **Воопшто не се согласувам** | | **Воглавно не се согласувам** | | **Воглавно се согласувам** | | **Потполно се согласувам** | | **Неодговорени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| **1. Запознаен/а сум со промените во** | 8 | 6,7% | 18 | 15% | 61 | 50,8% | 31 | 25,8% | 2 | 1,7% |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| современото училиште. | | | | | | | | | | |
| 2. Моето дете добива соодветно воспитание во училиштето. | 9 | 7,5% | 24 | 20% | 67 | 55,8% | 20 | 16,7% | 0 | 0% |
| 3. Запознаен/а сум со содржините коишто се изучуваат со програмата „Животни вештини“. | 19 | 15,8% | 21 | 17,5% | 46 | 38,3% | 25 | 20,8% | 9 | 7,6% |
| 4. Програмата „Животни вештини“ го надополнува домашното воспитание. | 14 | 11,7% | 20 | 16,7% | 44 | 36,7% | 32 | 26,7% | 10 | 8,2% |
| 5. Вештините коишто моето дете ги учи преку програмата „Животни вештини“ ги практикува во секојдневниот живот. | 13 | 10,8% | 21 | 17,5% | 57 | 47,5% | 21 | 17,5% | 8 | 6,7% |
| 6.Воспитувањето на ученикот е обврска на наставникот, а *не на родителот*. | 80 | 66,7% | 22 | 18,3% | 14 | 11,7% | 1 | 0,8% | 3 | 2,5% |
| 7.Одделенскиот раководител ја реализира неговата воспитна функција. | 10 | 8,3% | 19 | 15,8% | 53 | 44,2% | 38 | 31,7% | 0 | 0% |
| 8. Запознаен/а сум со школата за родители. | 45 | 37,5% | 22 | 18,3% | 31 | 25,8% | 18 | 15% | 4 | 3,4% |
| 9. Не ја гледам полезноста на школата за родители. | 39 | 39,5% | 42 | 35% | 28 | 23,3% | 7 | 5,8% | 4 | 3,4% |
| 10. Со задоволство ги | 9 | 7,5% | 12 | 10% | 30 | 25% | 68 | 56,7% | 1 | 0,8% |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **посетувам групните средби со наставницните и родителите.** | | | | | | | | | | |
| **11. Моето дете добива воспитание само во домот.** | 52 | 43,3% | 32 | 26,7% | 24 | 20% | 12 | 10% | 0 | 0% |
| **12. Наставниците не обрнуваат толку внимание на воспитанието, колку што обрнуваат на образованието.** | 17 | 14,2% | 44 | 36,7% | 42 | 35% | 14 | 11,7% | 3 | 2,4% |
| **13.Воспитанието коешто моето дете го добива во домот за него е доволно.** | 59 | 49,2% | 36 | 30% | 17 | 14,2% | 6 | 5% | 2 | 1,6% |
| **14. Повеќе ги преферирам индивидуалните одошто групните средби.** | 29 | 24,2% | 29 | 24,2% | 39 | 32,5% | 22 | 18,3% | 1 | 0,8% |
| **15. Сметам дека наставниците не се доволно отворени за соработка.** | 46 | 38,3% | 34 | 28,3% | 17 | 14,2% | 23 | 19,2% | 0 | 0% |

**Тврдење 1. Запознаен/а сум со промените во современото училиште.**

За ова тврдење, 8 од испитаниците или 6,7% одговориле дека воопшто не се согласуваат, 18 испитаници или 15% воглавно не се согласуваат, 61 испитаник или 50,8% воглавно се согласуваат и 31 испитаник или 25,8% потполно се согласуваат. Двајца испитаници или 1,7% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 38. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од графичкиот приказ гледаме дека најголем број родителите се воглавно запознаени со промените во современото училиште.

**Тврдење 2. Моето дете добива соодветно воспитание во училиштето.**

Со ова тврдење, 9 испитаници или 7,5% воопшто не се согласуваат, 24 испитаници или 20% воглавно не се согласуваат, 67 испитаници или 55,8% воглавно се согласуваат и 20 испитаник или 16,7% потполно се согласуваат. На ова прашање сите испитаници дале одговор.

Графикон 39. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Поголем број од родителите воглавно се согласуваат со тврдењето дека нивното дете добива соодветно воспитание во училиштето.

**Тврдење 3. Запознаен/а сум со содржините коишто се изучуваат со програмата „Животни вештини“.**

Податоците покажуваат дека 19 испитаници или 15,8% воопшто не се согласуваат со ова тврдење, 21 испитаник или 17,5% воглавно не се согласуваат, 46 испитаници или

38,3% воглавно се согласуваати 25 испитаници или 20,8% потполно се согласуваат. 9 испитаници или 7,6% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 40. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од графичкиот приказ, може да забележиме дека нема значителна разлика во одговорите на родителите, но сепак преовладуваат родителите кои одговориле дека воглавно и потполно се согласуваат со тврдењето.

**Тврдење 4. Програмата „Животни вештини" го надополнува домашното воспитание.**

Одговорите на родителите за ова прашање се следни: 14 испитаници или 11,7% воопшто не се согласуваат со ова тврдење, 20 испитаници или 16,7% воглавно не се согласуваат, 44 испитаници или 36,7% воглавно се согласуваат, 32 испитаници или 26,7% потполно се согласуваат, и 10 испитаници или 8,2% не дале одговор.

Графикон 41. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.



Од процентуалната распределба може да забележиме дека преовладуваат оние родители кои одговориле дека воглавно и потполно се согласуваат со тврдењето. Ова ја потврдува хипотезата X9, која гласи: *Рдодителите сметаат дека проектот „Животни вештини"позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција.*

**Тврдење 5. Вештините коишто моето дете ги учи преку програмата „Животни вештини" ги практикува во секојдневниот живот.**

Со ова тврдење, воопшто не се согласуваат 13 испитаници или 10,8%, воглавно не се согласуваат 21 испитаник или 17,5%, воглавно се согласуваат 57 испитаници или 47,5%, потполно се согласуваат 21 испитаник или 17,5%, а 8 испитаници или 6,7% не дале одговор.

Графикон 42. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од процентуалната распределба се гледа дека поголем дел од испитаниците воглавно се согласуваат со ова тврдење, што уште еднаш ја потврдува хипотезата X9, која гласи: Родителите сметаат дека програмата „Животни вештини" позитивно влијае врз остварувањето на воспитната функција.

**Тврдење 6. Воспитувањето на ученикот е обврска на наставникот, а не на родителот.**

Со ова тврдење 80 испитаници или 66,7% воопшто не се согласуваат, 22 испитаници или 18,3% воглавно не се согласуваат, 14 испитаници или 11,7% воглавно се согласуваат и 1 испитаник или 0,8% потполно се согласуваат. 3 испитаници или 2,5% не дале одговор на ова прашање.

Графикон 43. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од процентуалната распределба се гледа дека најголем дел од испитаниците воопшто не се согласуваат со ова тврдење.

**Тврдење 7. Одделенскиот раководител ја реализира неговата воспитна функција.**

Со ова тврдење 10 испитаници или 8,3% воопшто не се согласуваат, 19 испитаници или 15,8% воглавно не се согласуваат, 53 испитаници или 44,2% воглавно се согласуваат, а 38 испитаници или 31,7% потполно се согласуваат. Сите испитаници одговориле на ова прашање.

Графикон 44. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од графичкиот приказ се гледа дека поголем процент од испитаниците одговориле дека воглавно се согласуваат со тврдењето дека одделенскиот раководител ја реализира неговата воспитна функција. Овие податоци ја потврдуваат хипотезата Х3, која гласи: *Родителите сметаат дека одделенскиот раководител во доволна мера ги остварува воспитните задачи.*

**Тврдење 8. Запознаен/а сум со школата за родители.**

Што се однесува на ова тврдење, одговорите се следни: 45 испитаници или 37,5% воопшто не се согласуваат, 22 испитаници или 18,3% воглавно не се согласуваат, 31 испитаник или 25,8% воглавно се согласуваат, 18 испитаници или 15% потполно се согласуваат, а 4 испитаници или 3,4% не дале одговор.

Графикон 45. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Добиените податоци покажуваат дека поголем број од испитаниците изјавиле дека воопшто не се согласуваат со тврдењето дека се запознаени со школата за родители.

**Тврдење 9. Не ја гледам полезноста на школата за родители.**

Со ова тврдење 39 испитаници или 39,5% воопшто не се согласуваат, 42 испитаници или 35% воглавно не се согласуваат, 28 испитаници или 23,3% воглавно се согласуваат, 7 испитаници или 5,8% потполно се согласуваат, а 4 испитаници не дале одговор.

Графикон 46. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.



Од графичката распределба се гледа дека најголем број од родителите одговориле дека воопшто и воглавно не се согласуваат со ова тврдење, но сепак преовладуваат оние родители кои одговориле дека воглавно не се согласуваат.

**Тврдење 10. Со задоволство ги посетувам групните средби со наставниците и родителите.**

Со ова тврдење, воопшто не се согласуваат 9 испитаници или 7,5%, воглавно не се согласуваат 12 испитаници или 10%, воглавно се согласуваат 30 испитаници или 25%, потполно се согласуваат 68 испитаници или 65,7%, додека само еден испитаник или 0,8% не дал одговор.

Графикон 47. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Од добиените податоци може да се види дека поголем дел од испитаниците одговориле дека потполно се согласуваат со тврдењето.

**Тврдење 11. Моето дете добива воспитание само во домот.**

За ова тврдење, испитаниците вака одговориле: 52 испитаници или 43,3% воопшто не се согласуваат, 32 испитаници или 26,7% воглавно не се согласуваат, 24 испитаници или 20% воглавно се согласуваат, и 12 испитаници или 10% потполно се согласуваат. Сите испитаници одговориле на ова прашање.

Графикон 48. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Податоците ни покажуваат дека најголем број од родителите се изјасниле дека воопшто не се согласуваат со тврдењето дека нивното дете добива воспитание само во домот.

**Тврдење 12. Наставниците не обрнуваат толку внимание на воспитанието, колку што обрнуваат на образованието.**

Добиените одговори за ова прашање се: 17 испитаници или 14,2% воопшто не се согласуваат, 44 испитаници или 36,7% воглавно не се согласуваат, 42 испитаници или 35% воглавно се согласуваат, 14 испитаници или 11,7% потполно се согласуваат, а 3 испитаници или 2,4% не дале одговор.

Графикон 49. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Процентуалната распределба покажува дека најголем број испитаници одговориле дека воглавно не се согласуваат (36,7%) и дека воглавно се согласуваат (35%). Разликата во одговорите не е голема, но сепак преовладуваат родителите кои воглавно се согласуваат со тврдењето.

**Тврдење 13. Воспитанието коешто моето дете го добива во домот за него е доволно.**

Со ова тврдење, 59 испитаници или 49,2% воопшто не се согласуваат, 36 испитаници или 30% воглавно не се согласуваат, 17 испитаници или 14,2% воглавно се согласуваат, 6 испитаници или 5% потполно се согласуваат, а 2 испитаници или 1,6% не дале одговор.

Графикон 50. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Процентуалната распределба на одговорите покажува дека поголем дел од родителите изјавиле дека воопшто не се согласуваат со ова тврдење.

**Тврдење 14. Повеќе ги преферирам индивидуалните одошто групните средби.**

Податоците покажуваат дека 29 испитаници или 24,2% воопшто не се согласуваат со ова тврдење, 29 испитаници или 24,2% воглавно не се согласуваат, 39 испитаници или 32,5% воглавно се согласуваат и 22 испитаници или 18,3% потполно се согласуваат. 1 испитаник или 0,8% не одговориле на ова прашање.

Графикон 51. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Ставовите на родителите за ова тврдење се поделени, и разликата е минимална, но сепак преовладуваат оние родители кои воглавно се согласуваат со ова тврдење.

**Тврдење 15. Сметам дека наставниците не се доволно отворени за соработка.**

Добиените одговори за ова тврдење се следни: 46 испитаници или 38,3% воопшто не се согласуваат, 34 испитаници или 28,3% воглавно не се согласуваат, 17 испитаници или 14,2% воглавно се согласуваат, и 23 испитаници или 19,2% потполно се согласуваат. Сите испитаници дале одговор на ова прашање.

Графикон 52. Графички приказ на процентуалната распределба на одговорите на родителите на ученици од четири училишта.




Ставовите на родителите се поделени за ова тврдење, но сепак поголем број родители одговориле дека воопшто не се согласуваат и воглавно не се согласуваат со ова тврдење, со тоа што првите се во поголем број.

## 3. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ ПРАШАЛНИК НАМЕНЕТ ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Во продолжение следат податоците од спроведените интервјуа во четирите основни училиште. Интервјуиран беше по еден стручен соработник, некаде директорот некаде педагогот, од секое училиште. Интервјуто беше спроведено со цел да се добијат повеќе податоци за промените и тенденциите во современото училиште и како тие влијаат врз остварувањето на неговата воспитна функција.

Испитаниците беа претходно информирани, односно интервјуто беше најавено. Секое интервју траеше приближно 30 минути. На испитаниците им беше соопштено дека нивниот идентитет ќе остане анонимен. Интервјуирани беа четири испитаници.

За првата точка од интервјуто, **„Промените во современото училиште. Воспитната и образовната функција на современото училиште. Рамномерноста помеѓу воспитната и образовната функција.“,** испитаниците ги дадоа следните одговори:

Првиот испитаник: *„Во моето 10 годишно искуство, се воведоа многу иновации и новини, како во наставата, така и во самото функиоцнирање и организација. Ако зборуваме од аспект на воспитанието, таму нема некои драстични промени. Можеби во самите активности има предвидено или испланирано нешто за подобрување на воспитната функција, меѓутоа колку сето тоа се остварува – тоа е знак прашалник.“*

Вториот испитаник : *„Ние сме воспитно-образовна институција, иако воспитната функција повеќе се губи. Акцент се става на квантитетот, на формалности, на документација, на администрација, што е евидентно незадоволство и кај наставниците и кај родителите.“*

Третиот испитаник : *„Промените во современото училиште се особено зачестени во последниве неколку години, особено од аспект на воведување на технологијата во работењето и организацијата на училиштето. Што се однесува на воспитанието, се прават некои промени, на пример продлабочување на соработката со родителите.“*

Четвртиот испитаник : *„Промените што се воведоа, не придонесоа за никакви промени. Генерациите се исти, оние пред промените, и оние после промените. Нема никаков напредот во воспитанието, или пак во образованието.“*

Втората точка од интервјуто се однесува на одделенскиот раководител и гласи вака: **„Улогата на одделенскиот раководител, промените кои се настанати по тоа прашање, драстичноста и начинот на промените“.** Одговорите се следни:

Првиот испитаник: *„Промени по однос на одделенскиот раководител има. Одделенскиот раководител од одделенска настава ги води учениците од прво до петто, а оние од предметна настава ги водат од шесто до деветто. Така изгледа сега деветолетката.“*

Вториот испитаник: *„На оодделенскиот раководител покрај оние задолженија што ги имал до сега, со промените, му се дадоја и доста дополнителни. Впрочем како и на сите наставници. Сепак, ми се чини, одделенскиот раководител е најобременет со документација, административни работи, задачи и рокови“.*

Третиот испитаник: *„Промените во врска со одделенскиот раководител, не се многу драстични, меѓутоа се воведоа со огромна брзина. Наставниците на почетокот даваа отпор, меѓутоа постепено ги прифатија промените“.*

Четвртиот испитаник даде слични одговори, со што ја напомена обременетоста на одделенскиот раководител.

За третото прашање од интервјуто, **„Програмата 'Животни вештини' во реалноста. Потешкотиите (доколку има такви) со коишто се среќава одделенскиот раководител со воведувањето на овој проект.“,** испитаниците одговорија вака:

Првиот испитаник: *„На почетокот тоа беше проект, но подоцна влезе во редовно реализирање, односно премина во задолжителна обврска на одделенските раководители. Тоа што се реализираше порано како класичен одделенски час, сега е пропратено со програмата 'Животни вештини', односно програмата се реализира на одделенскиот час. За тоа има изготвен прирачник, дадени се теми и напатствија како да се реализираат тие работилници. Има три прирачници посебни, за сите три циклуси – до четврто, до шесто и до деветто. Се реализира еднаш неделно, 36 часа годишно“.*

Вториот испитаник: *„Постојат работи коишто треба да се надвор од 'Животни вештини'. Одделенскиот раководител се среќава со низа други проблеми во самата*

*паралелка, а одделенскиот час е наменет за нивно решавање. Сепак, самата програма има позитивни ефекти, и делумно е потребно да се реализира на овој час, затоа што на останатите задолжителни предмети нема време за такво нешто, бидејќи таму се оди со содржини кои се веќе предвидени. Затоа, овој час е погоден за да се постигнат некои цели зацртани од програмата 'Животни вештини'".*

Третиот испитаник: „*Вештините кои се изучуваат со програмата 'Животни вештини', треба да доаѓаат од дома. Затоа што, прво, темите не се соодветни за сите одделенија, а второ – едно се учи преку програмата, друго се практикува во животот на училиште. Сметам дека за овие вештини не треба да постои посебен предмет, туку тие треба суптилно да се проткаени низ севкупниот училишен курикулум, односно училиштето треба тоа да го дава како резултат на целиот воспитно-образовен процес*".

Четвртиот испитаник: „*Некои од наставниците се интузијасти кога се работи за предавање на програмата. Тоа е одличен начин да се искористи еден дел од одделенскиот час. Меѓутоа мислам дека не треба да го зазема целиот час. Се разбира дека наставниците имаат потешкотии околу реализирањето на програмата, со прирачниците и работните листови. Тие се приморани да го сносат товарот на умножување на материјалите на свој грб. Друга потешкотија којашто се јави околу оваа програма, се компетенциите на наставниците, односно колку се тие компетентни. Обуката на наставниците е во постојан тек и постојано се обучуваат оние наставници кои ја немаат поминато обуката. Меѓутоа, има наставници, на пример по физика или информатика, кои не се расположени да го предаваат предметот, затоа што тој не е од нивната насока*".

За четвртото прашање, **„'Школата за родители' во реалниот живот. Нејзиниот придоенс за детското воспитание во училиштето. Подготвеноста за соработка на родителите."**, испитаниците ги дадоја следните одговори:

Првиот испитаник: „*Тоа е проект од министерството. Треба да ги вклучиме родителите што повеќе во животот на училиштето, и во соработката со самите наставници и ученици. Предвидени се низа активности, насочени кон продлабочување на соработката родител-наставник и родител-наставник-ученик*".

Вториот испитаник: *„Промените од аспект на соработката со родителите, се во функција на нејзино подобрување. Со школата за родители се предвидени активности, дел од коишто се реализраат веќе години наназад, а дел се нови. На пример, да се повика родител од некоја област, што е стручен да држи предавање на учениците, потоа при подготовка на приредба да се вклучат и родителите, да спремат нешто заедно со наставниците, да испеат, да одглумат, односно да земат активно учество, не да партиципираат само како гости, туку да бидат вклучени во самиот процес“.*

Третиот испитаник: *„Дел од активностите кои се предвидуваат со оваа програма се некои новоизмислени активности, кои наидуваат на чудно гледање од страна на родителите и на наставниците. Можеби културата не ни е таква, уште стоиме во некој формализам. Сепак, старите активности се реализирале, немаше како сега што се бара заеднички излети, средби и прошетки со родители и наставници, ,заедно да одат во театар, да играат некој спортски натпревар, да подготвуваат драми, музички дуети, заеднички новогодишни приредби, работилници, и тоа во сабота и недела. Значи сетоа тоа да биде малку поистакнато, потенцирано, а колку тоа ќе заживее во пракса, ќе видиме. Ние колку што можеме иницираме, и се надеваме дека ќе се промени барем онолку колку што може“.*

Четвртиот испитаник: *„Во ова училиште имаме една широка лепеза на карактери на родители. Има секакви родители. Некои излегуваат со ставот: 'каде најде сега', додека пак некои се толку ентузијасти што едвај ги чекаат групните средби. Некои, што се позаинтересирани, дури и самите иницираат средби и доаѓаат до секакви идеи“.*

На последната точка од интервјуто, **„Етиката како наставен предмет во училиштето. Нејзината улога во воспитната функција на училиштето“**, испитаниците ги дадоа следните одговори:

Првиот испитаник: *„Етиката веќе трета година се реализира во наставата како задолжителен предмет во седмо. Порано беше во шесто, сега во деветолетка е во седмо. Етика предава кадар којшто е одбран според норматив пропишан од бирото. Во нашето училиште тоа е професор по филозофија. Часовите се одржуваат еднаш неделно. Има изготвена програма, според тоа се оди и според тоа и целите се остваруваат“.*

Вториот испитаник: „*Етиката е, ете, некој обид да се зајакне онаа воспитна функција на училиштето. Меѓутоа, колку и дали воопшто сето тоа дава резултат, не сум баш сигурен*“.

Третиот испитаник: „*Етиката како наставен предмет воопшто не е потребна во образовниот систем. Етика се учи дома*“.

Четвртиот испитаник: „*Ако зборувам како човек, а не како педагог, лично јас сметам дека етиката не придонесува за воспитанието на учениците. Мислам дека многу подобар предмет којшто има поголемо влијание е етика во религиите*“.

На крајот на интервјуирањето, еден од испитаниците додаде: „*Промените кои се менуваат, дополнуваат, или додаваат од година во година, од месец во месец, с□ повеќе ја гушат воспитната компонента. Го нема тој слободен дух, таа слободна креација на наставникот. Нему с□ му е веќе определено, с□ му е исцртано, многу работи наеднаш натрупани од многу аспекти. Барања од министерството, барања од државниот просветен инспекторат, барање од бирото, барања од родителите, а згора на сето тоа, во времето во коешто живееме генерациите се веќе поинакви, и кога сето тоа ќе се вклопи, наставникот сакал-несакал, несвесно дига раце и е во борба и трчање да го оствари она што се бара од него. Се надевам дек не ви звучам многу песимистички, но за жал реално така е на терен*“.

Од интервјуата со стручните лица, ние добивме сознанија за промените и тенденциите настанати во современото училиште. Поконкретно добивме податоци, за тоа дека поголем дел промените коишто се внесуваат во современото училиште ја гушат неговата воспитна компонента, а наставниците се обрменети со административни работи. Што се однесува на одделенскито раководител, од интервјуата со стручните соработници, добивме информации дека одделенскиот наставник од одделенска настава сега ги води учениците до петто одделение, а оној од предметна од шесто до деветто одделение. Исто така стручните соработници напоменаа дека тој е доста обременет со административни работи и рокови. Испитаниците дадоја информации и за програмата „Животни вештини“, дека се реализира на одделенскиот час, ја предава одделенскиот раководител, дека постојат три циклуси и дека се реализира еднаш неделно, 36 часа годишно. Исто така, од нив добивме податоци дека некои наставници се ентузијасти, а некои пак не се воопшто расположени да ја предаваат програмата. За соработката со родители, стручните

соработници ни кажаа дека сега се работи на продлабочување на соработката со родителите, односно се тежнее кон тоа таа да е поистакната и попотенцерана. Со таа цел се организираат заеднички прошетки на родителите и наставниците, заедничка посета на театар, заедничка подготовка на приредба и слично. Исто така од испитаниците дознавме дека некои родители се подготвени за ваквата продлабочена соработка, додека пак некои не се воопшто заинтересирани. По прашање на етиката, добивме податоци дека таа се изучува како задолжителен предмет во седмо одделение. Етика предава кадар кој е одбран според норматив пропишан од бирото. Од последната изјава на еден од испитаниците добивме информации дека промените што се случуваат постојано, ја гушат воспитната компонента, дека наставникот обременет од секакви барања и рокови, несвесно се откажува и не обрнува доволно внимание на остварување на воспитните задачи.

## ЗАКЛУЧОК

Низ историјата, во училиштето се случувале многу промени, во зависност од потребите на општеството. Во современото училиште во Република Македонија се направени промени и тенденции кои се во функција на зајакнување на воспитната компонента на училиштето. Ваквите промени се резултат на свеста за фактот дека образовната компонента е понагласена, и дека меѓу нив две – воспитната и образовната компонента, не постои рамномерност.

Главната цел на ова истражување, беше да се добијат повеќе информации за настанатите промени и тенденции од страна на стручните соработници од четири училиште, и да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците и родителите по прашање на влијанието на овие промени и тенденции врз воспитната функција на училиштето.

Промените и тенденциите кои беа опфатени и истражувани во ова истражување се промените кои се настанати по однос на одделенскиот раководител, одделенскиот час односно програмата „Животни вештини", воведувањето на етиката како наставен предмет, и продлабочувањето на соработката помеѓу наставниците и родителите односно т. н. проект „Школа за родители". Стручните соработници ни дадоа повеќе податоци за споменатите промени, а наставниците и родителите ги изнесоа своите ставови и мислења во врска со нив.

Од добиените податоци со ова истражување генерално се потврдуваат посебните хипотези. Наставниците генерално сметаат дека промените направени во современото училиште ја потпомагаат воспитната функција, односно тие изјавуваат дека одделенскиот раководител ги исполнува воспитните задачи, дека соработката со родителите е добра, и дека етиката и програмата „Животни вештини" позитивно влијаат врз остварувањето на воспитната функција на училиштето.

Родителите имаат идентични ставови како и наставниците, односно направените промени ги сметаат за позитивни во однос на воспитната функција на училиштето. Тие, исто како и наставниците, сметаат дека одделенскиот раководител ги врши воспитните задачи, дека етиката и програмата „Животни вештини" позитивно влијаат врз воспитната функција на училиштето, и дека соработката со наставниците е доволно добра.

Според ова, може да кажеме дека главната хипотеза *Современото училиште не ја остварува во доволна мера воспитната функција* не се потврдува. Наставниците и родителите сметаат дека училиштето во доволна мера ја извршува својата воспитна функција, односно тие сметаат дека воведение промени и тенденции ја зајакнуваат воспитната функција на училиштето.

Важно е да се напомене дека при истражувањето се забележа драстична разлика во одговорите, односно во ставовите и мислењата на наставниците и родителите со мислењата и ставовите на стручните соработници. Стручните соработници, во интервјуто не беа многу позитивно насочени кога станувaше збор за промените, а особено за воспитната компонента на училиштето.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Auerbach, S. (2007), *From Moral Supporters to Struggling Advocates: Reconceptualizing Parent Roles in Education through the Experience of Working-class Families of color,* Northridge: California State University.
2. Вукасовиќ, А. (1979), *Приноси и унапреѓивања одгојног рада*, Загреб: ПКЗ.
3. Gallagher, J. M., Reid, D. K. (1981). The learning theory of Piaget and Inhelder. Austin, Texas: Pro-Ed.
4. Годишна програма за работа на О.У. „Кочо Рацин", (2013), Охрид.
5. Годишна програма за соработка со родители, (2013), Тетово: ОУ „Братство Миѓени".
6. Годишна програма на ООУ „Блаже Конески", (2013), Прилеп: ООУ „Блаже Конески".
7. Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, Службен весник на Република Македонија, бр.24/2013.
8. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието.
9. Костова, М. (2004), Методика на воспитна работа, интерен материјал, Скопје.
10. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.
11. Педагошка енциклопедија II, (1989) (ред. Потконјак, Н. и Шимлеша, П), Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.
12. Петрова-Ѓорѓева, Е. (2005-2006), Современото училиште и неговата воспитна функција, Воспитание, Педагошки факултет, Штип.

13. Пијановић, П. (уредник), (1996), Педагошки лексикон, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.
14. Прирачник за образование на животни вештини за VII-IX одделение, (2009), Скопје: Биро за развој на образованието.
15. Popova-Koskarova, R. (2012), *Slight Enlargement of the Upbringing Function in the Schools in Macedonia as a Serious Social Issue,* FACTA UNIVERSITATIS – Series Philosophy, Sociology, Psychology and History, Nish.
16. Поткоњак, Н. (1984), *Остваривање васпитне улоге школе*, Београд: Просветни преглед.
17. Selfani, Joseph, D. (2004), *The Educated Parent,* Connecticut: Praeger Publisher.
18. Темков, К. „Етика во VI одделение", 2010, Скопје: Биро за развој на образованието.
19. Упатства за планирање, реализација и евидентирање на програмата „Обраование за животни вештини", (2009), Скопје: Биро за развој на образованието.
20. Христова, Д., Митковска-Јованова, С. Професионалната етика на наставникот, Воспитание бр. 11, (2010/2011), Штип: Универзитет „Гоце Делчев".
21. Huersch, Imgard. (1993), *The Role of Teacher and Its Transformation,* Anthroposophic Press. (od kniga)
22. James, C., Connolly, U. (2000), Effective Change in Schools, London: RoutledgeFalmer
23. Shaw, B. F. (1937), *A Modern Concept of Education,* Public Health Nations Health.
24. Преземено на 14.11.2014, http://www.spaceandmotion.com/Philosophy-Aristotle-Philosopher.htm

25. Преземено на 20.07.2014, https://www.winstonchurchill.org/images/pdfs/for_educators/Argumentation_Prompts_4.pdf, Churchill, S. C. 23 June 1925, House of Commons
26. Преземено на 20.07.2014, Kennedy, F. J.: "Address in the Assembly Hall at the Paulskirche in Frankfurt", June 25, 1963. http://www.presidency.ucsb.edu/ws/?pid=9303
27. Преземено на 14.09.2014, http://www.newfoundations.com/GALLERY/Edelman.html
28. Преземено на 15.09.2014, http://classicalhomeschooling.com/classical-homeschooling-second-issue/classical-vs-modern-educationthe-principal-difference/
29. Преземено на 09.07.2014, http://rossparker.org/teaching-learning-visualisations/
30. Преземено на 20.09.2014, http://pravmir.ru/dmitri-yemets/
31. Преземено на 16.09.2014, http://www.thefreedictionary.com/tendency
32. Преземено на 16.08.2014, http://www.see-educoop.net/aeiq/documents/parents/fg/bulgaria-fg.pdf
33. Преземено на 16.08.2014http://classicalhomeschooling.com/classical-homeschooling-second-issue/classical-vs-modern-educationthe-principal-difference/
34. Преземено на: 24.06.2014, http://www.bbc.co.uk/ethics/introduction/intro_1.shtml
35. Преземено на: 24.06.2014, http://www.ibe.unesco.org/publications/ThinkersPdf/piagete.PDF
36. Преземено на 24.06.2014, http://www.brainyquote.com/quotes/quotes/m/marianwrig133353.html

## ПРИЛОЗИ

### ИНСТРУМЕНТ ЗА НАСТАВНИЦИ

Оваа анкета е дел од истражувањето за промените и тенденциите во современото училиште и нивното влијание врз воспитната функција. Анкетирањето е анонимно, со цел да се добијат веродостојни информации. Се надеваме на ваша целосна соработка и однапред Ви благодариме.

Училиште во кое предавате: ______________________________

Дали сте одделенски раководител: а) Да б) Не

1. Според Ваше мислење колку училиштето ја реализира својата воспитна функција:
   a. Доволно ја реализира
   b. Делумно ја реализира
   c. Воопшто не ја реализира
2. Сметам дека училиштето, онакво какво што е денес:
   a. Може да го воспита детето да стане зрела личност без додатна помош
   b. Може да го воспита детето да стане зрела личност со голема помош од родителите
   c. Не може воопшто да го воспита детето да стане зрела личност
3. Одделенскиот раководител:
   a. Во голема мера влијае врз воспитанието на учениците
   b. Делумно влијае врз воспитанието на учениците
   c. Воопшто не влијае врз воспитанието на учениците
4. Јас, како наставник, повеќе се грижам за тоа:
   a. Учениците да се стекнат со образование
   b. Учениците да се стекнат со воспитание
   c. Учениците подеднакво да се стекне со образование и воспитание
5. Сметам дека етиката е:
   a. Добар начин на којшто детето почнува да размислува и учи за доброто и трајните вредности

b. Предмет којшто оставарува позитивни и трајни влијанија врз развојот на личноста на детето
c. Предмет којшто само дополнително ги оптоварува учениците
d. Друго:_______________________________________

6. Според Ваше мислење, кои содржини кои се обработуваат на часот по етика се посебно значајни од аспект на воспитанието на личноста ?

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

7. Сметам дека програмата „Животни вештини“ е:
a. Многу потребна и значајна за реализацијата на воспитната работа во училиштето
b. Делмно е потребна и значајна за реализацијата на воспитната работа во училиштето
c. Воопшто не е потребна и значајна за реализацијата на воспитната работа во училиштето

8. Според Ваше мислење како го проценувате значењето на програмата „Животни вештини“ и неговата реализацијана за време на часовите на одделенскиот час:

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

9. Родителите најчесто се информираат за своите деца:
a. Преку телефон
b. Доаѓаат на групните родителски средби
c. Претпочитаат да доаѓаат само на иднивидуалните средби
d. Друго: ___________________________________________

10. Родителите, кога се повикани на групна родителска средба, учествуваат:
a. Секогаш
b. Ретко
c. Никогаш

Наведете до кој степен се согласувате со следните изјави. За секој тврдење, заокружете по еден од броевите.

1- Воопшто не се согласувам    2 - Воглавно не се согласувам

3- Воглавно се согласувам    4 – Потполно се согласувам

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Во училиштето постојано треба да се внесуваат промени. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. Современото училиште ја остварува својата воспитна функција. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. Улогата на одделенскиот раководител е подобрена. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4.Одделенскиот раководител ја реализира неговата воспитна функција. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. Преку програмата „Животни вештини“ учениците се здобиваат со основните социјални, интелектуални и емоционални вештини. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6. Програмата „Животни вештини“ им помага на учениците да станат здрави, независни и зрели личности. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7. Одделенскиот раководител е компетентен да ја предава програмата „Животни вештини“. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8. Етиката е потребна во училиштето, затоа што му помага на ученикот да се изгради како личност. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9.Некои ученици добиваат воспитание само во училиштето. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10. Воспитувањето на детето е обврска на родителите, а не на наставниците. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 11. Школата за родители е успешен проект. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 12. Родителите недоволно соработуваат со училиштето | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 13. Соработката со родителите која се одвива во нашето училиште ја потпомага воспитната функција на училиштето. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 14. Родителите најчесто не ги посетуваат заедничките средби. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 15. Родителите ги преферираат индивидуалните средби. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 16. Сметам дека родителите повеќе се грижат за образованието на | 1 | 2 | 3 | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| детето, одошто се грижат за неговото воспитание. | | | | |

## ИНСТРУМЕНТ НАМЕНЕТ ЗА РОДИТЕЛИ

Оваа анкета е дел од истражувањето за промените и тенденциите во современото училиште и нивното влијание врз воспитната функција. Анкетирањето е анонимно, со цел да се добијат веродостојни информации. Се надеваме на ваша целосна соработка и однапред Ви благодариме

1. Сметам дека училиштето, онакво какво што е денес:
   a. Може да го воспита детето да стане зрела личност без дополнителна помош
   b. Може да го воспита детето да стане зрела личност само со помош на родителите
   c. Воопшто не може да го воспита детето да стане зрела личност
2. Училиштето го воспитува моето дете:
   a. Да биде здрава личност
   b. Погрешно го воспитува
   c. Не знам
   d. Друго:___________________________________________
3. Одделенскиот раководител:
   a. Во голема мера влијае врз воспитанието на учениците
   b. Делумно влијае врз воспитанието на учениците
   c. Воопшто не влијае врз воспитанието на учениците
4. Јас, како родител, повеќе се грижам за тоа:
   a. Моето дете да се стекне со висок степен на образование
   b. Моето дете да се стекне со воспитание
   c. Моето дете подеднакво да се стекне со воспитание и образование
5. Сметам дека етиката е:
   a. Добар начин на којшто детето почнува да размислува и да учи за доброто и трајните вредности
   b. Предмет којшто ја буди свеста за себеси кај учениците
   c. Предмет којшто остава позитивни трајни во личноста на детето
   d. Предмет којшто само дополнително го заморува
   e. Друго:____________________________________________
6. Сметам дека содржините кои се обработуваат на часот по етика:
   a. Се релевантни за реалниот живот
   b. Не се релевантни за реалниот живот
   c. Не сум запознаен/а со содржините
   d. Друго:____________________________________________
7. Сметам дека програмата „Животни вештини“ е:
   a. Доста потребна во севкупната работа на училиштето
   b. Сосема непотребна во севкупната работа на училиштето
   c. Друго:____________________________________________
8. Со програмата „Животни вештини“ моето дете учи вештини кои:
   a. Ги применува и во реалниот живот
   b. Не ги применува во реалниот живот
   c. Друго:____________________________________________

9. За моето дете, најчесто се информирам:
   a. Преку телефон
   b. Претпочитам да доаѓам само на групни родителски средби
   c. Претпочитам да доаѓам само на индивидуалните средби
   d. Друго:______________________________________________

Наведете до кој степен се согласувате со следните тврдења. За секоја изјава, заокружете по еден од броевите.

1- Воопшто не се согласувам 2 - Воглавно не се согласувам

3- Воглавно се согласувам 4 – Потполно се согласувам

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Запознаен/а сум со промените во современото училиште. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. Моето дете добива соодветно воспитание во училиштето. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. Запознаен/а сум со содржините коишто се изучуваат со програмата „Животни вештини“. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. Програмата „Животни вештини“ го надополнува домашното воспитание. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. Вештините коишто моето дете ги учи преку програмата „Животни вештини“ ги практикува во секојдневниот живот. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6.Воспитувањето на ученикот е обврска на наставникот, а не на родителот. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7.Одделенскиот раководител ја реализира неговата воспитна функција. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8. Запознаен/а сум со школата за родители. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9. Не ја гледам полезноста на школата за родители. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10. Со задоволство ги посетувам групните средби со наставниците и родителите. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 11. Моето дете добива воспитание само во домот. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 12. Наставниците не обрнуваат толку внимание на воспитанието, колку што обрнуваат на образованието. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 13.Воспитанието коешто моето дете го добива во домот за него е доволно. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 14. Повеќе ги преферирам индивидуалните одошто групните средби. | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 15. Сметам дека наставниците не се доволно отворени за соработка. | 1 | 2 | 3 | 4 |

______________________________

*Налов на истражувачкиот проект*

# ПРОТОКОЛ ЗА НЕСТРУКТУРИРАНО ИНТЕРВЈУИРАЊЕ

## Наменет за стручни соработници

***Испитаник:*** ______________________________

***Училиште:*** ______________________________

***Датум:*** ____________

1. Промените во современото училиште. Воспитната и образовната функција на современото училиште. Рамномерност помеѓу воспитната и образовната функција.
2. Улогата на одделенскиот раководител, промените кои се настанати по тоа прашање, драстичноста и начинот на промените.
3. Програмата „животни вештини“ во реалноста. Потешкотиите (доколку има такви) со коишто се среќава одделенскиот раководител со воведувањето на овој проект.
4. Школата за родители во реалниот живот. Нејзиниот придонес за детското воспитание во училиштето. Подготвеноста за соработка на родителите.
5. Етиката како наставен предмет. Нејзината улога во воспитната функција на училиштето.